# 2021- 2023

## САМОЕВАЛУАЦИЈА

ООУ „КИРИЛ ПЕЈЧИНОВИЌ“, КИСЕЛА ВОДА – СКОПЈЕ

**Содржина**

Лична карта на училиштето- општи податоци------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Мапа на училиштето------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Мисија и визија на училиштето----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Правилник за начинот и областите за вршење на самоевалуација на основните училишта-----------------------------------------------------
Фази на спроведување на
самоевалуација--------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Цели на
самоевалуација------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Процес на
самоевалуација----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Самоевалуација- подрачја/области------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Список на групи-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Подрачје 1: Наставни планови и програми-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Подрачје 2: Постигања на учениците------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Подрачје 3: Учење и настава--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Подрачје 4: Поддршка на
учениците------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Подрачје 5: Училишна клима ------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Подрачје 6: Ресурси----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Подрачје 7: Управување, раководење и креирање на политика
---------------------------------------------------------------------------------------

# ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО

## Општи податоци за училиштето

| | |
|---|---|
| **Име на училиштето** | КИРИЛ ПЕЈЧИНОВИЌ |
| **адреса, општина, место** | ул. „Пушкинова“ бр. 17, Кисела Вода, Скопје |
| **Телефон** | (02) 2776643 |
| **фах** | (02) 2776643 |
| **е-маил** | kirilpejcinovicsk@yahoo.com<br>kirilpejcinovicsk@gmail.com<br>веб: https://www.kirilpejcinovic.edu.mk |
| **основано од** | 1944 |
| **Верификација- број на актот** | 15-1990/1 |
| **Година на верификација** | 03.12.1985 од Општински комитет на образование, култура и физичка култура на Собранието на Општина Кисела Вода |
| **Јазик на кој се изведува наставата** | македонски |
| **Година на изградба** | 1972 |
| **Тип на градба** | Цврста градба |
| **Површена на објектот** | 4843 $m^2$ |
| **Површина на училшниот двор** | 2675 $m^2$ |
| **Површина на спортски терени и игралишта** | 990 $m^2$ |

# Мапа на училиштето




Општинското основно училиште „Кирил Пејчиновиќ“ се наоѓа во град Скопје во Општина Кисела Вода. Местоположбата на училиштето е мошне поволна бидејки во негова близина се сместени административни центри: Општина Кисела Вода, Центарот за социјална работа, голем број на трговски организации и главни сообраќајници. Училиштето се наоѓа на ул.Пушкинова бр.17. Општинското основно училиште „Кирил Пејчиновиќ“ има свое лого на кое е исцртана зградата на училиштето, како и целото име и презиме на патронот на училиштето. Училиштето има и своја химна изготвена од композиторот Горан Милошевски.

## Мисија и визија на училиштето

**Мисија:** Нудиме стручен и квалитетен кадар, примерни ученици, работна средина со грижа и поддршка каде секој може да ја развие и зајакне својата индивидуалност, креативност, одговорност и задоволство од работата, без разлика на етничката припадност. Во ова поглавје се дефинираат принципите, вредностите, очекувањата, мотото и логото на училиштето.

**Визија:** Сакаме да создадеме училиште во кое на учениците ќе им понудиме квалитетни знаења, услови за развивање на креативноста и истражувачкиот дух, стекнување на самостојност и самодоверба, меѓусебно почитување и изучување на културата на живеење на етникумите во Р. Македонија.

**Самоевалуацијата во нашето училиште**

**се спроведува во три (3) фази:**

1. Подготвителна фаза
2. Фаза на реализација
3. Фаза на известување и усвојување

## Цели на самоевалуацијата

- Структуирање на внатрешен училишен систем за следење, оценување и унапредување на работата.
- Ефективно и ефикасно раководење на Директорот со училиштето.
- Вклучување во развојниот процес на училиштето на сите субјекти : директор, наставници, ученици, родители, локалната и деловната заедница и во воспитно-образовниот систем.
- Обезбедува поголема самостојност, одговорност и иновативност во училиштето.
- Преземање мерки за поефикасно и поквалитетно учење, а со тоа и постигнување подобри резултати.
- Детектирање на слабите страни и проблемите со кои се соочува училиштето и нивно надминување.
- Зголемување на надворешното влијание врз училиштето и сите субјекти вклучени во неговата работа, севкупната образовна политика преку јасна артикулација од потребата за развој на училиштето.
- Дефинирање и следење на мерливи индикатори и критериуми за вреднување на квалитетот на образовно-воспитниот процес во училиштето.
- Процесот на самоевалуација е комплексен, тој е составен од повеќе фази и активности со примена на различни методи и техники со цел создавање единствени критериуми.

## Процес на самоевалуација




- Шематски приказ на процесот на самоевалуација

## Самоевалуација - подрачја

1. Наставни планови и програми
2. Постигања на учениците
3. Учење и настава
4. Поддршка на учениците
5. Училишна клима
6. Ресурси
7. Управување, раководење и креирање на политика

# СПИСОК НА ГРУПИ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА

**Директор: м-р Борче Миревски**
**Раководители на тимот:**
**Жаклина Стојановска (педагог)**
**Весна Бошковска (одделенски наставник)**
**Марина Ристова Николовска (предметен наставник по англиски јазик)**
**Велика Миленковска (дефектолог)- техничка подршка**
**Елена Велкоска (член од Совет на родители)**

| **I група** | **Наставни планови и програми** |
|---|---|
| **Одговорен наст.** | **Валентина М. Кенкова** |
| 1. | Катерина Ѓ. Трајчевска - заменик |
| 2. | Емилија Наумовски |
| 3. | Даниел Божиновски |
| 4. | Снежана Мустачка |
| 5. | Елизабета Митревска |
| 6. | Надица Поповска |
| 7. | Донка Дерковска |
| 8. | Билјана Христовска Василевска |
| 9. | Борислав Стојанов |

| **II група** | **Постигања на учениците** |
|---|---|
| **Одговорен наст.** | **Катерина Манев** |
| 1. | Соња Богатиновска- заменик |
| 2. | Виолета Симеонова |

| | |
|---|---|
| 3. | Викторија Г.Младеновска |
| 4. | Маја Михаиловска |
| 5. | Сузана Спирковска |
| 6. | Еленора Лазаров |
| 7. | Александра Ѓуровска |
| 8. | Ленче Манева |
| 9. | Сашка Младеновска |

| **III група** | **Учење и настава** |
|---|---|
| **Одговорен наст.** | **Билјана Мицковска** |
| 1. | Лидија Блажевска - заменик |
| 2. | Александра Б. Спасовска |
| 3. | Виолета Велјаноска |
| 4. | Ирена Шехтанска |
| 5. | Зоран Костадиновска |
| 6. | Даница Настевска |
| 7. | Мирјана Лебамова |
| 8. | Антониета Ѓеорѓиевска |

| **IV група** | **Поддршка на учениците** |
|---|---|
| **Одговорен наст.** | **Елена Бендовска** |
| 1. | Драгица Неделковска -заменик |
| 2. | Гордана Стојковска |
| 3. | Бетка Спасовска |
| 4. | Лилјана Николиќ |
| 5. | Мимоза Митиќ |
| 6. | Анета Кирковска |
| 7. | Ивана Василевска |
| 8. | Лидија Стојановска |
| 9. | Тања Кокаловска |

| V група | Училишна клима |
|---|---|
| **Одговорен наст.** | **Илинка Димовска** |
| 1. | Марија Саздева- заменик |
| 2. | Снежана Цоневска |
| 3. | Павлинка Мијалова |
| 4. | Ирена Стефанова |
| 5. | Маја Арсовска |
| 6. | Христина Т. Бујуковска |
| 7. | Марко Јачев |
| 8. | Ирена Наумовска |
| 9. | Сашо Јованоски |

| VI група | Ресурси |
|---|---|
| **Одговорен наст.** | **Анета Буковалова** |
| 1. | Марина Атанасовска- заменик |
| 2. | Дафина Георгиевска |
| 3. | Марина Анастасијевска |
| 4. | Даниела Јовановска |
| 5. | Даниела Долевска |
| 6. | Анета Велкоска |
| 7. | Лидија Христовска |
| 8. | Славомир Ташковски |
| 9. | Даниела Анѓелевска |
| 10. | Цветанка Младеновска |

| VII група | Управување, раководење и креирање на политика |
|---|---|
| **Одговорен наст.** | **Јасмина Радулова** |
| 1. | Наташа Лосковска- заменик |
| 2. | Васа Трајчевска |
| 3. | Викторија Несторовска |
| 4. | Катерина Кузмановска |

| | |
|---|---|
| 5. | Емилија Стефановска |
| 6. | Тоде Здравков |
| 7. | Тончек Рожман |
| 8. | Лидија Илијовска |
| 9. | Николче Зиков |
| 10. | Елена Трајковска |
| 11. | Ирена Рикалоска |

| | |
|---|---|
| **ПОДРАЧЈЕ 1** | **Наставни планови и програми** |
| **Членови на работната група:** | **Валентина М. Кенкова,** Катерина Ѓ. Трајчевска - заменик , Емилија Наумовски Даниел Божиновски, Снежана Мустачка, Елизабета Митревска, Надица Поповска Донка Дерковска, Билјана Христовска Василевска, Борислав Стојанов |

| **Бр.** | **Оддели во рамките на подрачјето** | **Теми:** |
|---|---|---|
| **1.1** | **Реализација на наставните планови и програми** | • Применувани наставни планови и програми<br>• Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми<br>• Приспособување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби<br>• Избор на наставни предмети<br>• Планирање на активности за реализација на слободните часови/ проектни активности на училиштето<br>• Реализација на проширени програми |
| **1.2** | **Квалитет на наставните планови и програми** | • Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала<br>• Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала<br>• Интегрирање на општите (меѓупредметните- развивање на самодоверба, иницијативност, одговорност, почитување на различности и основните човекови права и јакнење на свеста на учениците за припадност на Македонија како мултикултурно општество) цели на образованието<br>• Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и |

| | | |
|---|---|---|
| | | програми |
| **1.3** | **Воннаставни активности** | • Обем и разновидност на планираните и реализираните вонnаставни активности (организирање на секции, екскурзии, приредби и др. за поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците)<br>• Опфатеност на учениците со вонnаставните активности<br>• Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности<br>• Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности |

1.1 **Реализација на наставните планови и програми**

<table>
<tr><td colspan="2">
<ul>
<li>Применувани наставни планови и програми</li>
<li>Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми</li>
<li>Приспособување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби</li>
<li>Избор на наставни предмети</li>
<li>Планирање на активности за реализација на слободните часови/ проектни активности на училиштето</li>
<li>Реализација на проширени програми</li>
</ul>
</td></tr>
<tr><td>Извори на податоци
<ul>
<li>Наставни планови и програми донесени од БРО и МОН</li>
<li>Годишни – тематски планирања на наставниците</li>
<li>Нормативни акти на училиштето</li>
<li>Педагошка евиденција и документација</li>
<li>Записници Совет на родители на училиштето</li>
<li>Записници од родителски средби</li>
<li>Записници од стручни активи</li>
</ul>
</td><td>Информации кои се собрани
<br><br>
Применувани наставни планови и програми<br>
Воспитно – образовната дејност во основното училиште опфаќа настава што се организира и изведува според наставни планови и програми. Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од Министерството за образованиеи наука. Во документите за наставните програми постојат упатства за реализација на наставната програма за одреден предмет. Во училиштето наставата од I-IV одделение се реализира според Новата концепција за основно образование. Наставниците ги изработуваат сите годишни, тематско-процесни и дневни сценарија за предметите од задолжителна настава, изборни предмети, час на одделенската заедница како и дополнителна, додатна настава и слободни ученички активности. Истите се предаваат пред почетокот на школската година кај педагогот.<br>
Наставните планови и програми за учебната 2023/24 година беа скратени бидејќи учебната година почна на 01.09.2023 година според препораките на БРО.
<br><br>
Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми<br>
Родителите и учениците на почетокот на учебната година се запознаваат со наставните планови и програми преку веб страната на училиштето, како и од е-дневникот. Наставниците на
</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| • Записници од наставнички совети на училиштето и активите<br>• Годишна програма на училиштето<br>• Стручни упатства и насоки за операционализација на наставните планови и програми<br>• Покани за учество на семинари<br>• Летописна книга<br>• Дневници на паралелките<br>• Програма за работа на ученичка заедница<br>• Извештаи од анкетирани наставници, родители и ученици<br>• Годишни планирања за дополнителна настава, додатна настава и слободни ученички активности | првата родителска средба ги запознаваат родителите со наставниот план и програмите за работа како и со критериумите и стандардите за оценување. Секој наставник на првите часови ги запознава учениците со наставниот план и програма за предметот што го предава. Исто така родителите на децата со посебни образовни потреби се вклучени во изработка на индивидуалниот образовен план (ИОП) со што се обезбедува нивна целосна информираност.<br><br>**Приспособување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби**<br>Со сите ученици кои се со посебни образовни потреби вклучени во редовна настава, се работи според ИОП. Училиштето има пропишана процедура за изготвување на ИОП. Училиштето има формирано училишен инклузивен тим кој е составен од 7 члена (стручни соработници, наставници и родители). За секој ученик со посебни образовни потреби е изготвен индивидуален образовен план од страна на инклузивен тим за ученикот а родителите се вклучени во изработка на индивидуалниот образовен план (ИОП), со што се обезбедува нивна целосна информираност. Училишниот дефектолог учествува во изготвувањето на индивидуалните образовни планови и ја следи нивната реализација. За учениците со потешкотии се изготвува програма за индивидуална подршка.<br><br>**Избор на наставни предмети**<br>Училиштето дава можност преку анкетирање учениците да се определуваат за изборните предмети кои ќе ги изучуваат следната учебна година, согласно нивните потреби и интереси, при тоа се почитува наставниот план, како и просторните и кадровски потенцијали на училиштето. Анкетни прашалници за изборни предмети се задаваат за учениците од одделенска настава од четврто и петто одделение и предметна настава од шесто до деветто одделение. Постапката за определување на изборни предмети се применува во целост со писмено изјаснување на родителите на секој ученик. За избор се нудат повеќе од три предмети.<br><br>**Планирање на активности за реализација на слободните часови/ проектни активности на училиштето**<br>Во училиштето се реализираат и слободни ученички активности. Истите подеднакво се достапни и на машките и на женските ученици.<br>Слободните ученички активности (секции) се реализираат по сите предмети од I до IX одд. Во слободните ученички активности учениците изведуваат активности по свој избор и така се |

| | |
|---|---|
| | инволвирани сите ученици без разлика на успехот. Програмата заедно со учениците – членови се изготвува и усвојува во почетокот на учебната година<br>Дополнителната, додатната настава и слободните ученички активности за учениците до трето одделение се одвиваше во училиште.<br><br>**Проширена програма**<br>Родителите по пат на анкетирање имаат можност да се изјаснат за потребата од прифаќање на нивните деца еден час пред и еден час по редовна настава, односно потреба за реализација на проширена програма. Досега од страна на родителите не е побарано реализација на ваква програма бидејќи во училиштето се организира дневен престој за учениците од прво до четврто одделение. |

1.2 **Квалитет на наставните планови и програми**

<table>
<tr><td colspan="2">
<ul>
<li>Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала</li>
<li>Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала</li>
<li>Интегрирање на општите (меѓупредметните- развивање на самодоверба, иницијативност, одговорност, почитување на различности и основните човекови права и јакнење на свеста на учениците за припадност на Македонија како мултикултурно општество) цели на образованието</li>
<li>Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми</li>
</ul>
</td></tr>
<tr><td>Извори на податоци<br><br>Наставни планови и
<ul>
<li>Наставни планови и програми донесени од БРО и МОН</li>
<li>Годишна програма за работа на училиштето</li>
<li>Стручни Активи</li>
<li>Летописна книга каде се забележани посети на семинари</li>
<li>Анкетен прашалник за</li>
</ul>
</td><td>Информации кои се собрани<br><br>Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала<br><br>Родовата перспектива во образованието претставува позитивна, афирмативна акција со која се обезбедуваат услови за порамноправно, поуспешно и поефективно образование за сите.<br>Содржините во наставните планови и програми, особено часовите на одделенската заедница на кои се спроведуваат активности во рамките на Проектот за „Образование за животни вештини“ и Проектот за „Меѓуетничка интеграција во образованието“ кои преку планираните содржини и активности по предмети, целосно го поттикнуваат развивањето на емоционалниот, личниот и социјалниот развој на учениците од различна родова и етничка припадност. Со ставање акцент на: јакнење на самодовербата, секојдневна соработка, меѓусебно договарање, разрешување на</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| ученици<br>• Анкетен прашалник за наставници<br>• Анкетен прашалник за родители<br>• Записници од активи на наставници<br>• Записници од наставнички совети<br>• Одделенска книга каде се заведени часовите за грижа за здравјето на учениците<br>• Предавања од стручни лица<br>• Наставна програма по запознавање со околината<br>• Наставна програма пограѓанското образовение<br>-изработени проекти | конфликтите на најсоодветен начин.<br><br>**Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала**<br>При реализирањето на наставните програми училиштето ги следи приориотетите на општината и имплементира содржини и активности поврзани со културата и традицијата на локалната средина.<br>Сите активности се насочени кон остварување на главната цел- учениците да ги продлабочат своите компетенции кои им се потребни за живот во интегрирано мултиетничко општество, почитување на другите, зголемување на соработката помеѓу учениците од различни националности, прифаќање на разликите и правото на еднаквост на сите.<br><br>**Интегрирање на општите –меѓупредметните цели на образованието**<br>Училиштето има разработено насоки за вградување на меѓупредметните цели, во сите наставни програми што се реализираат, а наставниците ги почитуваат тие насоки и преземаат одговорност за реализација на истите. Во содржините на одделенските часови и во содржините на наставните предмети историја, граѓанско образование, биологија, географија... се опфатени одредени теми од областа на раководење, соработка, договарање, самодоверба, почитување на различноста и основните човекови права, разрешување на конфликти, како и теми за односите меѓу половите, репродуктивното здравје, болестите од ХИВ/СИДА и зависност од дроги. Исто така и стручните соработници реализираат работилници со презентации и дебати на овие теми.<br><br>**Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми**<br>Начинот на кој наставниците, родителите и учениците можат да влијаат за измени во наставната програма е да покренат иницијатива за измени и дополнувања на наставните планови и програми и истите да се препратат до БРО и МОН. Досега таква иницијатива од страна на наставниците или родителите од нашето училиште се нема покренато. |

1.3 **Воннаставни активности**

<table>
<tr><td colspan="2">

- Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности (организирање на секции, екскурзии, приредби и др. за поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците)
- Опфатеност на учениците со воннаставните активности
- Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности
- Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности

</td></tr>
<tr><td>

Извори на податоци

- Годишна програма за работа
- Педагошка евиденција и документација
- Анкетен прашалник за ученици
- Анкетен прашалник за наставници
- Анкетен прашалник за родители
- Одделенска книга каде се заведени часовите за дополнителна, додатна настава
- Летописна книга
- Дипломи
- Пофалници
- Признанија
- Медаљи
- Годишен извештај за работа

</td><td>

Информации кои се собрани

**Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности**

Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што произлегуваат од потребите, интересите и можностите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен и социјален развој, без оглед на нивниот пол, етничка припрадност и социјално потекло. Воннаставните активности се планирани во Годишната програма на училиштето, а опфаќаат: работа со надарени и талентирани ученици, општествено-корисна работа, слободни ученички активности, заштита и унапредување на здравјето на учениците и културата на живеење, следење и унапредување на воспитно-образовната работа, како и активности со партнер училиште од Меѓуетничка интеграција во образованието.

**Опфатеност на учениците со воннаставните активности**

Во воннаставните активности, опфатени се голем број ученици според нивните индивидуални способности, интереси и предиспозиции кој ги детектираат наставниците. Се обезбедуваат услови и за учество на учениците со посебни образовни потреби како и учениците кои потекнуваат од семејства со низок социо-економски статус. Најголем број ученици се вклучени барем во една воннаставна активност и на тој начин лично се афирмираат и придонесуваат за афирмација на училиштето (натпревари, учество во ТВ емисии). Учениците во воннаставните активности учествуваат по сопствен избор.

**Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности**

Секој ученик има право да учествува во воннаставните активности независно од неговиот успех во наставата. Личниот интерес на ученикот има примарно значење за учество во активностите за што се спроведуваат и анкетни прашалници. Се земаат во предвид предлозите на учениците при

</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | планирање на вонаставните активности. Во воннаставните активности учениците често партиципираат со свои предлози за посети, екскурзи, организирање училишни базари, хепенинзи.<br><br>**Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности**<br>Учениците од страна на наставниците и училиштето се мотивирани да учествуваат на локални и државни натпревари и манифестации каде што постигнуваат високи успеси на натпревари од различни области што се организираат на ниво на општина, град и држава и имаат освоено пофалници, дипломи, медалји.<br>Согласно својата воспитно-образовна функција училиштето организира активности кои се општествено значајни и хумани, активности кои придонесуваат за развивање на еколошката свест, а во кои активно учество имаат учениците, наставниците и родителите. |

**Клучни страни**

- Целосна примена на НПП во согласност со донесените програмски документи од МОН.
- Во училиштето има пропишани периоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот и стручната служба.
- Транспарентно информирање на родителите се за наставните планови и програми и новините во наставата;
- Успешно спроведување наинклузивно образование за учениците со посебни образовни потреби
- Можност за избор од повеќе изборни предмети кои во целост ги задоволуваат барањата и потребите на учениците.
- Реализирање слободни ученички и активности за задоволување на интересите и желбите на учениците од разни области.
- Организирање вонаставни активности, во кои учество земаат голем број ученици и учество во различни манифестации и натпревари, каде што постигнуваат видливи резултати.

## Слабости

- Училиштето нема покренато иницијатива за изменување и дополнување на наставните планови и програми до Министерството за образование и наука и до Бирото за развој на образованието.

**Анализа на резултатите**

**Стручните соработници даваат целосна поддршка на наставниот кадар при изработка на годишно, тематско- процесно планирање и оперативен план за час.**

На прашањето за наставниците: „Стручниот соработник дава целосна поддршка на наставниот кадар при изработка на годишно, тематско, тематско-процесно планирање и оперативен план за час“. Од вкупно 33 испитаници, потполно се согласувам одговориле 15-45%, во главно се согласувам одговориле 10-30%, со делумно се согласувам одговориле 4-12% и не се согласувам одговориле 4-12%.

**Наставниците разменуваат искуства и идеи на ниво на стручен/стручни активи.**

На прашањето за наставниците: „Наставниците разменуваат искуства и идеи на ниво на стручен/стручни активи“.

Од вкупно 33 испитаници, потполно се согласувам одговориле 13-39%, во главно се согласувам одговориле 12-36%,со делумно се согласувам одговориле 7-21% и не се согласувам одговориле 1-3%

**Учениците се задоволни од понудените изборни предмети**

На прашањето за учениците:„Задоволен сум од понудените изборни предмети“, од вкупно 135 испитаници, потполно се согласувам одговориле 79-59%, во главно се согласувам одговориле 32-24%, со делумно се согласувам одговориле 7-5% и не се согласувам одговориле 17-13%.

**Наставниците ги поттикнуваат учениците да се вклучат во воннаставни активности.**

На прашањето за ученици „Наставниците ме потикнуваат да се вклучам во воннаставните активности“, од вкупно 135 испитаници, потполно се согласувам одговориле 70-52%, во главно се согласувам одговориле 32-24%, со делумно се согласувам одговориле 26-19% и не се согласувам одговориле 7-5%.

**Учениците се мотивирани да учествуваат на разновидни натпревари.**

На прашањето за учениците:„Мотивиран сум да учествувам на разновидни натпревари“ од вкупно 135 испитаници, потполно се согласувам одговориле 71-53%,во главно се согласувам одговориле 32-24%,со делумно се согласувам одговориле 15-11% и не се согласувам одговориле 17-13%

**Учениците редовно се информираат за своите права и обврски и сите активности кои се реализираат или се планираат во училиштето**.

На прашањето за учениците:„ Учениците редовно се информираат за своите права и обврски и сите активности кои се реализираат или се планираат во училиштето “ од вкупно 135 испитаници, потполно се согласувам одговориле 90-67% во главно се согласувам одговориле 26-19%, со делумно се согласувам одговориле 11-8% и не се согласувам одговориле 8-6%.

**Наставнички совет дава конструктивни предлози за подобрување на севкупното работење на училиштето (подобрување и дополнување на наставните планови и програми).**

На прашањето за наставниците:,, Наставнички совет дава конструктивни предлози за подобрувањена севкупното работење на училиштето(подобрување и дополнување на наставните планови и програми. Од вкупно 33 испитаници, потполно се согласувам одговориле 9-27%, во главно се согласувам одговориле 13-39%,со делумно се согласувам одговориле 4-13% и не се согласувам одговориле 7-21%

**Наставниците даваат конструктивни предлози за подобрување на наставниот процес**

На прашањето за наставниците:,, Наставниците разменуваат искуства и идеи на ниво на стручен/стручни активи“.

Од вкупно 33 испитаници, потполно се согласувам одговориле 17-52%, во главно се согласувам одговориле 12-36%,со делумно се согласувам одговориле 3-9% и не се согласувам одговориле 1-3%

**Стручните активи даваат предлози за меѓупреметна интеграција**

На прашањето за наставниците:,, Наставниците разменуваат искуства и идеи на ниво на стручен/стручни активи“.

Од вкупно 33 испитаници, потполно се согласувам одговориле 7-21%, во главно се согласувам одговориле 15-45%,со делумно се согласувам одговориле 10-30% и не се согласувам одговориле 1-3%

**Содржините што ги изучува моето дете потполно одговараат на неговата возраст**

На прашањето за наставниците:,, Наставниците разменуваат искуства и идеи на ниво на стручен/стручни активи“.

Од вкупно 112 испитаници, потполно се согласувам одговориле 55-49%, во главно се согласувам одговориле 29-25%,со делумно се согласувам одговориле 22-20% и не се согласувам одговориле 7-6%

**Додатна и дополнителна настава го подобруваат знаењето на моето дете**

На прашањето за наставниците:,, Наставниците разменуваат искуства и идеи на ниво на стручен/стручни активи“.

Од вкупно 112 испитаници, потполно се согласувам одговориле 61-54%, во главно се согласувам одговориле 40-36%,со делумно се согласувам одговориле 7-6% и не се согласувам одговориле 4-4%

**Родителите се задоволни од понудените изборни предмети**

На прашањето за наставниците:,, Наставниците разменуваат искуства и идеи на ниво на стручен/стручни активи“.

Од вкупно 111 испитаници, потполно се согласувам одговориле 49-44%, во главно се согласувам одговориле 37-33%,со делумно се согласувам одговориле 18-16% и не се согласувам одговориле 7-6%.

**Идни активности**

- Иницијатива за планирање на активности за прибирање и разгледување на мислења за НПП од страна стручните активи, на Наставничкиот совет, Совет на родители и Училишен Одбор.

| ПОДРАЧЈЕ 2 | Постигања на учениците |
|---|---|
| **Членови на работната** | Катерина Манев, Соња Богатиновска- заменик, Виолета Симеонова, |

| групa: | Викторија Г.Младеновска, Маја Михаиловска, Сузана Спирковска, Еленора Лазаров, Александра Ѓуровска, Ленче Манева, Сашка Младеновска |
|---|---|

| Бр. | Оддели во рамките на подрачјето | Теми: |
|---|---|---|
| 2.1 | **Постигања на учениците** | • Следење на постигања на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата) според наставни предмети и според квалификациони периоди<br>• Подобрување на постигања на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата)<br>• Идентификација на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби<br>• Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава<br>• Следење на постигања на редовните и вонредни ученици при премин од еден во друг циклус и од едно до друго ниво на образование<br>• Следење на хоризонтално и вертикално движење на учениците |
| 2.2 | **Задржување / осипување на учениците** | • Опфат на учениците<br>• Редовност во наставата<br>• Осипување на учениците<br>• Премин на ученици од едно училиште во друго |
| 2.3 | **Повторување на учениците** | • Ученици кои не ја завршуваат годината |

**2. 1. Постигања на учениците**

- Следење на постигања на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата) според наставни

предмети и според квалификациони периоди

- Подобрување на постигања на учениците
- Идентификација на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развој
- Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава
- Следење на хоризонтално и вертикално движење на учениците
- Подобрување на интеркултурните компетенции кај учениците

**Извори на податоци**

- Дневник на паралелките
- Е-дневник
- Евидентни листови за успех и поведение
- Записници од наставнички и одделенски совети
- Записници од стручни активи
- Анкети со наставници, родители и ученици
- Годишна програма за работа и извештај за работата на училиштето
- Полугодишен и годишен извештај на

**Следење на постигања на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата) по наставни предмети и по квалификациони периоди**

Училиштето ги следи постигањата на учениците по сите наставни предмети на крајот на секој класификационен период . Се изработуваат прегледи за успех по наставни предмети, полова и етничка припадност. На крајот на секоја учебна година исто така се прават споредбени анализи на средниот успех, поведението, изостаноците , како и споредби на успехот на учениците по пол и етничка припадност. Учениците од I до III одделение се оценуваат описно, учениците од IV-VI одделение на прво тромесечие, прво полугодие и трето тримесечје се оценуваат описно, а на крајот од учебната година се оценуваат бројчано, а учениците од VII до IX одделение се оценуваат бројчано.

**Споредбена анализа по предмети за 2021/22 и 2022/23 година**

| предмет | Учебна година 2021/2022 | Учебна година 2022/2023 | споредба |
|---|---|---|---|
| македонски јазик | 4,58 | 4.69 | ↑ |
| англиски јазик | 4.62 | 4.76 | ↑ |
| германски јазик | 4.48 | 4.58 | ↑ |
| француски јазик | 0.00 | 3.00 | ↑ |
| математика | 4.37 | 4.54 | ↑ |
| географија | 4.73 | 4.79 | ↑ |
| биологија | 4.39 | 4.62 | ↑ |
| физика | 4.22 | 4.65 | ↑ |
| хемија | 4.49 | 4.49 | = |
| граѓанско | 4.79 | 4.98 | ↑ |

училиштето

- Статистички извештиј за резултатите на крајот на полугодието и крајот на учебната година
- Извештаи од стручна служба
- Разговор со стручна служба
- Програма за додатна и дополнителна настава
- Ученички досиеа

| | | | |
|---|---|---|---|
| образование | | | |
| историја | 4.59 | 4.56 | ↓ |
| општество/ историја и општество | 0.00 | 4.93 | ↑ |
| природни науки | 4.65 | 4.77 | ↑ |
| работа со компјутери | 0.00 | 0.00 | = |
| информатика | 4.66 | 4.73 | ↑ |
| музичко | 4.98 | 4.98 | = |
| физичко | 4.98 | 4.99 | ↑ |
| ликовно | 5.00 | 5.00 | = |
| техничко образование | 5.00 | 5.00 | = |
| клас.култура на евр.цивилизација | 4.99 | 5.00 | ↑ |
| етика | 4.84 | 4.90 | ↑ |
| иновации | 4.93 | 4.83 | ↓ |
| вештини за живеење | 5.00 | 5.00 | ↓ |
| нашата татковина | 5.00 | 5.00 | = |
| пр.на ликовна умет | 5.00 | 5.00 | = |
| унапредување на здравјето | 5.00 | 5.00 | = |
| исражување на родниот крај | 5.00 | 5.00 | = |
| среден успех | 4.81 | 4.82 | ↑ |

Во однос на успехот по предмети незначително е намален по историја и вештини на живеење, исто се согледува од горенаведената табела.

**Во однос на успехот според половата припадност состојбата е следна :**

| **успех** | **2021/22** | **2022/23** | **2021/22** | **2022/23** | **2021/22** | **2022/23** |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | момчиња 311 | момчиња 477 | девојчиња 301 | д евојчиња 495 | вкупно ученици 612 | вкупно ученици 972 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| одлични | 247-40.36% | -% | 265-43.3% | % | 512-83.56% | % |
| мн.добри | 50-8.17% | % | 34-5.56% | % | 84-13.73% | % |
| добри | 14-2.29% | % | 2-0.33% | % | 16-2.61% | % |
| доволни | / | / | / | / | / | / |
| со слаби | / | / | / | / | / | / |

Од дадената табела утврдивме дека процентот на одлични момчиња е незначително намален, а кај девојчињата останува ист, процентот на многу добри момчиња е во благ пораст, а кај девојчињата е ист и процентот на добар успех кај момчињата и девојчињата е во благ пораст.

Во учебната 2022/2023 има вкупно 979 ученици, 959 Македонци, 1 Албанец, 5 Власи, 1 Турчин, 1 Ром, 5 Срби, 2 Бошњаци, 5 други...Во учебната 2021/2022 имало вкупно 962 ученици, од кои 943 Македонци, 5 Срби, 1 Хрват, 3 Власи , 1 Ром, 2 Турци, 3 Бошњаци и 4 други.

| Среден успех на постигнувањата на учениците во последните три години | | | |
|---|---|---|---|
| | 2020-2021 | 2021-2022 | 2022-2023 |
| Успех: | 4.84 | 4,81 ↘ | 4,82 ↗ |

Според табелата за постигнат среден успех на учениците во последните три години, може да се види дека успехот на учениците се подобрува.

**Подобрување на постигања на учениците**

Училиштето промовира уверување дека постигањата на сите ученици може да се подобрат и организира дополнителна и додатна настава, како и слободни активности. Врз основа на увидот

| | |
|---|---|
| | во актуелните постигања на сите ученици, се преземаат конкретни активности за континуирано подобрување на постигањата на учениците, соодветни на нивните можности и потреби. Секој наставник на почетокот на учебната година изготвува годишна програма за овие форми на настава. На ниво на предметна настава се изработува распоред за реализација на овие програми, според планираниот број на додатни, дополнителни часови и часови за слободни активности во рамките на една паралелка.<br><br>Во рамките на активностите за подобрување на постигањата на учениците, родителите на учениците кои имаат три и повеќе слаби се повикуваат на советување кај психологот на училиштето. Така, покрај непосредно, учениците и индиректно добиваат совети како поефикасно да учат и поуспешно да ги совладуваат наставните содржини. Согласно законот за овие ученици, како и за учениците на кои им се изречени педагошки мерки се формираат тимови за поддршка не само за учениците, туку и за нивните родители, нивните соученици, паралелката и наставниците.<br><br>Училиштето тежнее кон постојано осовременување на наставата преку спроведување проекти и користење современи техники на учење и поучување.<br><br>**Идентификација на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби**<br><br>Учениците со потешкотии во учењето се идентификуваат при следење на нивните постигања во текот на учебната година од страна на наставниците и консултации со стручните соработници. Нивниот напредок постојано се следи. Учениците со посебни образовни потреби се идентификуваат при запишувањето во прво одделение преку набљудување и разговор со детето, како и информативно-консултативен разговор со неговите родители, за што се приложува и медицинска потврда (наод и мислење) од компетентни институции.<br>Во училиштето е вработен и стручен соработник дефектолог кој воедно е координатор на Инклузивниот тим во училиштето. Тимот дава поддршка на наставниците и придонесува за јакнење на нивните капацитети за препознавање на интересите и способностите на учениците со пречки во развојот, а воедно им помага при избор и употреба на адаптирани специфични методи, форми и техники на работа.<br>Дефектологот во континуитет соработува со наставниците и работи со децата со посебни образовни потреби како би се направила што подобра клима за нивна инклузија. Групата деца со кои работат стручните соработници се формира врз основа на наод и мислење од Центарот за ментално здравје и Комисијата за меѓународна класификација на функционалности.<br>Наодите се земаат во предвид кога се изготвува долгорочен, среднорочен и краткорочен оперативен план за работа со овие деца или се работи со диференциран пристап.<br>Постигањата на децата во овој случај се вреднуваат согласно индивидуалниот оперативен план и целите во диференцираниот пристап. Се поттикнува инивидуален напредок според |

| | |
|---|---|
| | индивидуалните способности на овие ученици.<br>Надарените ученици се идентификуваат преку опсервација и евиденција од страна на наставниците (анегдотски белешки, оценки...)<br>Селекцијата на овие деца се врши и преку индентификациони листи за логичко математичка, ликовна, јазична и музичка надареност. Успехот и постигањата на надарените деца во континуитет е следен и од страна на стручните соработници.<br>Во училиштето се избира првенец на генерација, за што е изготвен Правилник со критериуми на успешност и инструмент со бодовна листа за вреднување на учениците кандидати за првенец на генерација.<br><br>**Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава**<br>За подобрување на постигањата на учениците, наставниците применуваат различни методи на работа, преку знаења добиени од посета на семинари со што се постигнуваат високи резултати (активни методи на работа во групи, тимска работа, разговор, презентација и демонстрација, употреба на ИКТ во наставата). Со тоа часовите се поинтересно организирани, комуникацијата е поголема, активноста и креативноста на учениците доаѓа до израз и се остварува поголема помош од наставниците. Во нашето училиште редовно се држи дополнителна настава според претходно изготвен распоред. Дополнителната настава во училиштето се организира за учениците кои имаат потешкотии во учењето и заостануваат по одделни наставни предмети или од оправдани причини подолго време отсуствуваат од редовната настава. Оваа настава се изведува во текот на наставната година со еден час неделно за учениците од II до IX одделение. Реализацијата на дополнителна настава се евидентира во Педагошка евиденција за дополнителна настава.<br><br>**Следење на хоризонтално и вертикално движење на учениците**<br><br>Во однос на следењето на постигнувањата на учениците и надминувањето на разликите во постигнувањето на учениците од еден циклус во друг, училиштето треба да ја подобрува својата стратегија за реализација на поставената задача.<br>Училиштето не добива повратни информации за успехот на учениците при преминот од основно во средно образование и не ги следи нивните постигања. Во училиштето се испраќа известување во кои средни училишта нашите ученици го продолжиле своето образование, но не и информации за нивните постигања во средното образование. |

| | |
|---|---|
| | **Подобрување на интеркултурните компетенции кај учениците**<br><br>Во рамките на редовните часови и часовите на одделенската заедница, наставниците одржуваат часови и работилници со содржини преку кои се развива мултикултурен сензибилитет кај учениците, се продлабочуваат нивните компетенции кои им се потребни за живот во едно интегрирано мултиетничко општество, почитување на другите, зголемување на соработката помеѓу ученици од различни националности, прифаќање на разликите и право на еднаквост на сите. Училиштето секоја учебна година во годишната програма за работа го вклучува интеркултурното образование во мисијата и визијата, изготвува план за унапредување на истото со конкретни самостојни активности и јасно дефинирани цели. За секоја планирана самостојна активност се изготвени акциони планови. За сите активности континуирано се истакнуваат информации на огласната табла во наставничка канцеларија. |

**2. 2.Задржување / осипување на учениците**

| | |
|---|---|
| • Опфат на учениците<br>• Редовност во наставата<br>• Осипување на учениците<br>• Премин на ученици од едно училиште во друго | |
| **Извори на податоци**<br><br>• Главни книги<br>• Годишна програма за работа на училиштето<br>• Статистички извештаи<br>• Список на ученици од реонот на училиштето | **Информации кои се собрани**<br>**Опфат на учениците**<br>Училиштето обезбедува услови за запишување на сите деца од реонот вклучувајќи и услови за запишување на деца со посебни потреби. Училиштето добива списоци со училишни обврзници од МВР пред да започне запишувањето и има изградено политика за запишување и презема активности да ги запише сите деца од својот реон (Формира комисија, покани до родители, соработка со градинките во реонот). Пред започнување на уписиот во прво одделение училиштето истакнува соопштение и ги информира предучилишните установи од реонот за започнувањето на уписот и потребната документација. Доколку останат слободни места по завршување на уписот, се запишуваат и ученици од друг реон. Училиштето квартално ги ажурира податоците за запишаните ученици и ги известува надлежните институции. Училиштето има податоци за опфатот на ученици |

| | |
|---|---|
| кои треба да се опфатат во I одд. од надлежните служби на Локалната самоуправа<br>• Известувања на училиштето до МОН и БРО<br>• Главни книги<br>• Преведници<br>• Согласности<br>• Податоци и извештаи од психолошко / педагошката служба<br>• Податоци од одделенски раководители одделенски дневници и е-дневник<br>• Годишен извештај<br>• Записничка книга за новодојдени и испишани ученици | при премин од основно во средно образование. 2022/2023 година вкупно 93 ученици го завршија девето одделение и се запишани во средни училишта за што добивме повратни информација од средните училишта, а во 2021/2022 деветто одделение завршија вкупно 90 ученици.<br><br>**Редовност во наставата**<br>Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците според полот, етничката припадност и социјалниот статус. Ги анализира причините за отсуство од наставата (оправдано и неоправдано отсуство) и навремено превзема конкретни активности преку соработка со родителите. Редовноста на учениците се следи преку евидентирање на отсуствата во дневниците на паралелката, на крајот на прво и трето тримесечие, на полугодие и на крај на учебната година и со истите ги запознава Одделенскиот, Наставничкиот, Советот на родители и Училишниот одбор. Се анализираат причините за отсуства, се применува интерниот правилник за изрекување педагошки мерки (за учениците кои имаат над 10 неоправдани изостаноци). За учениците кои нередовно ја посетуваат наставата училиштето организира советување на родителите. Неоправдани изостаноци оваа година нема.<br>Бројот на изостаноци за учебната 2022/ 23 година изнесува**:** оправдани се 18563 изостаноци и неоправдани 48, а во 2021/2022 година имало 13537, а неоправдани 25 изостаноци.<br><br>**Осипување на учениците**<br>Бројот на ученици кои од различни причини го напуштаат нашето училиште (преселување, заминување во странство и сл.) е минимален. За тие ученици имаме податоци каде го продолжиле своето образование. Немаме осипани ученици ни учебната 2021/22 година, ниту учебната 2022/23 година.<br><br>**Премин на ученици од едно училиште во друго**<br>Училиштето ја почитува постапката за премин на учениците од едно во друго училиште. При преминот од едно во друго училиште, училиштето редовно ги доставува сите значајни информации за образовниот развој на ученикот додека при прием на ученик од друго училиште ги бара истите информации и ги зема во предвид при понатамошната образовна работа со ученикот.<br>Се почитува постапката за преминување од едно во друго училиште со барање од страна на родителот, добивање согласност од училиштето кое го прифаќа ученикот, се издава преведница, евидентен лист за успехот на ученикот, мислење за ученикот и ученичка легитимација од страна на училиштето кое го испишува ученикот. Учениците кои се запишуваат и испишуваат во и од |

| | |
|---|---|
| | училиштето се евидентираат во дневникот на паралелката и матичната книга. Во учебната 2021/22 година во друго училиште преминале 34 ученика, а новодојдени се 12 ученици, додека во учебната 2022/23 година, преминале во друго училиште 30 ученика, а новодојдени се 15 ученици. Преминот во друго училиште е документирано во дневникот на паралелката и во матична книга, а причините најчесто се преселување од местото на живеење. На учениците кои преминуваат во друго училиште им се издава преведница со печат и потпис од одделенскиот раководител и директорот, заведена во Деловникот на<br>училиштето. |

**2.3**. **Повторување на учениците**

| **Извори на податоци** | **Информации кои се собрани** |
|---|---|
| • Годишен извештај за работата на училиштето<br>• Записник од наставнички совет<br>• Увид во педагошка евиденција и документација | **Ученици кои не ја завршуваат годината**.<br>Сите ученици го завршија оделението и во учебната 2021/22 и 2022/23 година. |

**Клучни страни**

- Систематски се следи, споредува и анализира состојбата со успехот и постигнувањата на учениците,
- Училиштето располага со податоци за постигнувањата на учениците од различен пол и етничка припадност и социјално потекло
- Причините за отсуство се евидентираат и се преземаат конкретни активности
- Родителите навреме се известуваат за постигнувањата на училиштето и го знаат правото на приговор
- Секој наставник има критериуми за оценување, според стандардите пропишани од БРО
- Во училиштето се одржуваат додатна, дополнителна и воннаставна активност за подобрување на постигнувањата кај учениците
- Преку проекти, конкурси, манифестации учениците имаат можност да ги покажат своите повисоки постигнувања
- Во училиштето не постојат ученици кои ја повторуваат годината
- Запишаните ученици се од реонот и на слободните места се запишуваат ученици од други реони
- Учениците кои се со посебни потреби и со потешкотии навреме се детектираат
- Училиштето има формирано Училиштен инклузивен тим и инклузивен тим за секој ученик
- Тимовите се целосно екипирани со образовни асистенти
- Во училиштето се детектира надарен ученик кој преминал во повисоко одделение
- Наставниците обезбедуваат поддршка на учениците кои имаат потешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби и планираат активности соодветни на нивните индивидуални потреби, кои се реализираат во редовната, додатната и дополнителната настава.
- Часовите за дополнителна настава придонесуваат за подобрување на постигањата на учениците.
- Има подобрување на општиот успех на училиштето.
- Во училиштето се врши евиденција на неоправданото отсуство од наставата.
- Сите ученици независно од полот, етничка припадност и социјално потекло се еднакво подложни на воспитување од училиштето.
- Постои соработка со родителите, стручните соработници и Заводот за ментално здравје, како и со Комисијата за Меѓународна класификација на функционалности во работата со децата со посебни потреби.
- Постои изградена политика на опфат на учениците и за тоа се преземаат соодветни активности.
- Се следи и евидентира напредокот на учениците и редовно се информираат родителите за постигањата на нивните деца.
- Активно се учествува на натпревари и конкурси и се постигнуваат солидни резултати.
- На крајот на секоја учебна година се организира свеченост на која се промовираат учениците кои постигнале високи резултати на натпревари и нивните наставници ментори
- Нема ученици кои ја повторуваат година

**Слабости**

- Училиштето нема пропишана политика за следење на хоризонтално и вертикално движење на учениците.
- Недостаток на повратна информација за постигањата на наши ученици во средното училиште.
- Нема Анализа на успехот по етничка припадност
- Во училиштето подобро се дијагностицираат ученици со посебни потреби отколку талентираните и надарените ученици
- Тимската работа во Инклузивните тимови да се конкретизира со активности кои се содржински и временски ограничени за секој учесник во тимот
- Да се зајакнуваат компетенциите кај помладите наставници за работа со деца со ПОП и талентирани ученици

**Анализа на резултатите**

**Секој наставник добива поддршка при реализација на редовната , дополнителната и додатната настава , отворени часови и воннаставни активности.**

На прашањето за наставниците „Дали секој наставник добива поддршка при реализација на редовната, дополнителната и додатната настава, отворени часови и воннаставни активности". Од вкупно 33 наставници со потполно се согласувам одговориле 17 наставници или 52% со воглавно се согласувам одговориле 11 наставници или 33%, со делумно се согласувам одговориле 3 наставници или 9%, а со не се согласувам 2 или 6%.

**Се дава редовна усна и писмена повратна информација за напредокот, постигањата и потребите за нивно подобрување.**

На прашањето за учениците: „Дали се дава редовна усна и писмена повратна информација за напредокот, постигањата и потребите за нивно подобрување?" од вкупно 135 анкетирани ученици со потполно се согласувам одговориле 90 ученика или 67 %, со воглавно се согласувам одговориле 26 ученика или 19%, со делумно се согласувам одговориле 14 ученика или 10%, со не се согласувам одговориле 5 или 4%.

**Реално сум вреднуван за своето знаење**

На прашањето за учениците: „Дали реално сум вреднуван за своето знаење?", од вкупно 135 ученика со потполно се согласувам одговориле 85 ученика или 63%, со воглавно се согласувам одговорил 29 ученика или 21%, со делумно се согласувам одговориле 7ученика или 5%, со не се согласувам одговориле 14 ученици или 10%.

**Наставниците имаат воспоставено добра комуникација со учениците, еднаков приод взаемна почит и поддршка**

На прашањето за учениците: „ Дали наставниците имаат воспоставено добра комуникација со учениците, еднаков приод взаемна почит и поддршка?", од вкупно 135 ученик со потполно се согласувам одговориле 81 ученика или 60 %, со воглавно се согласувам одговорил 28 ученика или 21%, со делумно се согласувам одговориле 17 ученика или 13%,

со не се согласувам одговориле 9 ученика или 7 %.

**Вреднувањето е соодветно на постигнувањето на моето дете**

На прашањето за родителите: од вкупно 112 родители со потполно се согласувам одговориле 63 родители или 56%, со воглавно се согласувам одговориле 28 родител или 25 %, со делумно се согласувам одговориле 20 родители или 18%, со не се согласувам одговориле 1 родители или 1%.

**Додатна и дополнителна настава го подобруваат знаењето на моето дете**

На прашањето за родителите: „Дали додатна и дополнителна настава го подобруваат знаењето на моето дете?", од вкупно112 родители со потполно се согласувам одговориле 61 родители или 54 %, со воглавно се согласувам одговориле 40 родители или 36%, со делумно се согласувам одговориле 7 родители или 6 %, со не се согласувам одговориле 4 родители или 4%.

**Постои соработка во идентификување на деца со ПОП, емоционални и други потешкотии**

На прашањето за наставници: „Дали постои соработка во идентификување на деца со ПОП, емоционални и други потешкотии?", од вкупно 33 анкетирани наставници со потполно се согласувам одговориле15 наставници или 45%, со воглавно се согласувам одговориле 11 наставници или 33%, со делумно се согласувам одговориле 4наставници или 12%, со не се согласувам одговориле 3 наставници или 9%.

За подобрување на успехот, редовноста и дисциплината редовно се организираат советувања на учениците

На прашањето за учениците: „Дали за подобрување на успехот, редовноста и дисциплината редовно се организираат советувања на учениците?", од вкупно 135 ученици со потполно се согласувам одговориле 62 ученици или 46%, со воглавно се согласувам одговорил 42 ученика или 31%, со делумно се согласувам одговориле 19 ученици или 14%, со не се согласувам одговориле 12 ученици или 9 %.

**Идни активности**

- Подобра координација меѓу наставниците од различните стручните активи
- Тимската работа да се унапредува со конкретни активности од сите членови вклучени во тимот, пр. при изготвување на ИОП, детектирање и изготвување на програми за талентирани ученици
- Транспарентност на информациите за проектите, натпреварите, конкурсите, манифестациите во училиштето и на интернет страната на училиштето
- Транспарентност на високите постигнувања на учениците (награди, учества, постигнувања)

| **ПОДРАЧЈЕ 3** | **Учење и настава** |
|---|---|
| **Членови на работната група:** | **Билјана Мицковска,** Лидија Блажевска – заменик, Александра Б. Спасовска, Виолета Велјаноска, Ирена Шехтанска, Зоран Костадиновски, Даница Настевска, Мирјана Лебамова, Антониета Ѓеорѓиевска |

| **Бр.** | **Оддели во рамките на подрачјето** | **Теми:** |
|---|---|---|
| **3.1** | **Планирање на наставниците** | • Поддршка и следење на планирањата на наставниците<br>• Индивидуални планирања на наставниците<br>• Размена на искуства и информации при планирањето<br>• Распоред на часови |
| **3.2** | **Наставен процес** | • Наставни форми и методи<br>• Употреба на ИКТ во наставата<br>• Избор на задачи, активности и ресурси<br>• Приод на наставникот кон учениците<br>• Интеракција меѓу учениците и наставниците<br>• Следење на наставниот процес |
| **3.3** | **Искуства на учениците од учењето** | • Средина за учење<br>• Атмосфера за учење<br>• Поттикнување на учениците за превземање одговорност<br>• Интеракција на учениците меѓу себе |
| **3.4** | **Задоволување на потребите на учениците** | • Детектирање на образовните потреби на учениците<br>• Почитување на различните потреби на учениците во наставата |
| **3.5** | **Оценување како дел од наставата** | • Училишна политика за оценување<br>• Методи и форми на оценување<br>• Користење на информациите од оценувањето во наставата |
| **3.6** | **Известување за напредокот на учениците** | • Известување на родителите за напредокот на учениците |

3.1. **Планирање на наставниците**

<table>
<tr><td colspan="2">

- Поддршка и следење на планирањата на наставниците
- Индивидуални планирања на наставниците
- Размена на искуства и информации при планирањето
- Распоред на часови

</td></tr>
<tr><td>

**Извори на податоци**

- Наставни планови и програми
- Годишна програма за работа на училиштето
- Годишни и тематски планирања
- Дневни подготовки
- Пропишана интерна процедура за следење на планирањата на наставниците
- Записници од состаноци на стручни активи
- Записници од средби на членовите од инклузивниот тим со активи и поединечни наставници
- Евиденција и извештаи од посетени семинари, обуки, работилници, предавања...
- Евидентни листови – инструменти за следење на планирањето на наставниците

</td><td>

**Информации кои се собрани**

**Поддршка и следење на планирањата на наставниците**

Во училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка иследење на планирањето на наставата од страна на директорот и стручните соработници. Училиштето им обезбедува поддршка на наставниците за вградување на целите од интегрираното образование, меѓуетничките како и еколошките содржини во планирањата на наставниците. Наставниците пак, редовно изработуваат годишни и тематски наставни програми како и дневни подготовки кои ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот (целите на час, очекувани исходи, диференцирани цели и исходи, наставни форми, методи и техники, инструменти, активности, ресурси, задавање домашни задачи, користење на ИКТ, проверка на постигањата, рефлексија), кои континуирано ги следат директорот и стручните соработници на училиштето за што пополнуваат формулари со одредени индикатори, а од страна на директорот се даваат забелешки и насоки за понатамошна работа. Стручните соработници им даваат поддршка и насоки на наставниците при изработката на годишните, тематските и дневните планирања, како и при изготвување на програмите за децата со посебни образовни потреби. Планирањата за учениците со ПОП се врши врз основа на процена на нивните способности како и врз основа на добиено мислење од страна на МКФ (меѓународна класификација на функционирањето). Училиштето остварува соработка со ресурсни центри односно, има потпишано Меморандум за соработка со ОУРЦ„Д-р Златан Сремец“- Кисела Вода, Скопје.

**Најмалку два пати во едно полугодие од страна на директорот и педагогот се следат планирањата на наставниците.**

</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| • Инструмент за следење и евалуација на наставниот час.<br>• Инструмент за следење и евалуација на дневните подготовки на наставникот за додатна и дополнителна настава.<br>• Професионално досие на наставниците<br>• План, докази и извештаи за личниот професионален развој на наставниците | **Индивидуални планирања на наставниците**<br>При изготвување на своите програми наставниците ги користат сознанијата од средбите со советниците и размената на искуства од одржаните стручни активи, препораките на стручните соработници и инклузивниот тим, посетите на семинари, обуки и предавања и соработката со основните училишта од општината и градот. Во училиштето постои редовно соработка меѓу наставниците од одделенските активи при што тие заеднички изготвуваат неделни и месечни планови. Наставниците изготвуваат годишни, тематски и оперативни планови, како и индивидуални планови за деца ПОП во зависност од нивните способности и во консултација со инклузивниот тим и стручните соработници, како и диференцирани цели во самите оперативни планови за децата со потешкотии во учењето. Покрај редовната настава, наставниците редовно ја планираат и додатната и дополнителната настава. За сите заинтересирани ученици од прво до трето одделение, организиран е дневен престој. Вработените наставници исто така, редовно изработуваат годишни програми за работа и даваат значителен допринос за напредокот и постигнувањата на учениците од овие групи.<br><br>**Размена на искуства и информации при планирањето**<br>Наставниците планираат во рамките на стручните активи, користат дигитални содржини, преку регионална соработка со други училишта, консултираат експерти, користат меѓународни искуства и др. Во планирањата редовно интегрираат содржини со примена на ИКТ, содржини и активности во рамките на проектот за „Еколошка едукација во македонскиот образовен систем“ и проектот за „Меѓуетничка интеграција во образованието“.<br>Голем дел од наставниците ја посетија и интерната обуката „Училиште на 21 век“ а потоа и предавањето на тема „Влијанието на интернетот врз критичкото мислење на учениците“. На овие обуки наставниците се запознаа со нови начини и техники за поттикнување на критичкото мислење кај учениците и истите ги применија на дел од своите часови. Активностите во рамките на сите овие проекти и размената на искуства, покрај тоа што влијаат на професионалниот развој на наставниците, ги зајакнуваат нивните педагошки вештини и придонесуваат за подобрување на социо-емоционалните и критичките вештини кај учениците. |
| • Распоред на часови | **Распоред на часови**<br>Согласно наставните планови, интересите на учениците, просторните можности и услови на училиштето и според спецификата на одредени предмети се изготвува распоред на часови во консултации со наставниците, директорот и стручните соработници. Во предметната настава распоредот го изготвува предметен наставник определен од директорот, додека во одделенската настава распоредот се изготвува во рамки на Стручниот актив при што се води сметка за |

| | |
|---|---|
| | максималното искористување на расположливите просторни капацитети на училиштето и задоволување на потребите на учениците.<br><br>Училиштето навреме изработува распоред за додатна и дополнителна настава. На почетокот на секој месец распоредот се истакнува на видно место во училиштето и доследно се почитува. |

3.2. **Наставен процес**

<table>
<tr><td colspan="2">

- Наставни форми и методи
- Употреба на ИКТ во наставата
- Избор на задачи, активности и ресурси
- Приод на наставникот кон учениците
- Интеракција меѓу учениците и наставниците
- Следење на наставниот процес

</td></tr>
<tr><td>

**Извори на податоци**

- Годишни, тематски и дневни подготовки
- Записници од стручни активи
- Пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес
- Пополнети инструменти од посетени часови
- Портфолијнаставниците
- Инструмент за евалуација на наставниот час со сите аспекти (клима во паралелката, оценување на напредокот на учениците, комуникација на наставникот со учениците, изведба на наставен час,

</td><td>

**Наставни форми и методи**

Наставниот кадар е стручен и соодветен за организирање и реализирање на наставата. Најголем број од наставниците применуваат разновидни наставни форми, методи и техники на учење и поучување со цел активно учество на учениците во процесот на стекнување знаења, развивање критичко мислење, вештини за соработка и комуникација и примена на стекнатите знаења во секојдневниот живот. Најчесто се користат следниве форми и методи на работа: фронтална, индивидуална, групна, работа во парови, метод на разговор, текст метод, практична работа, набљудување, експеримент. Од техниките најчесто користени се следниве: бура на идеи, техника грозд, венов дијаграм, коцка, петторед, квадрант, а се користат и техники од разни обуки, проекти, работилници и семинари. Во наставата се овозможува секој ученик да напредува согласно индивидуалните можности и способности. За таа цел се применуваат индивидуализиран и диференциран пристап на работа со учениците.

**Употреба на ИКТ во наставата**

Во Годишните планирања најголем број на наставници имаат планирано реализација на наставни содржини со примена на ИКТ. Наставниците се обучени за примена на ИКТ во наставата и применуваат апликации и едукативни образовни софтвери (G-copris, Edubuntu, Intel Classmate PC-Web Quest со Writer и Impres, Зелен пакет јуниор...Платформи). Училиштето располага со: интернет конекција и инсталиран интернет со оптички кабел со две линии, 7 рутери, 21 компјутер, 8 лаптопи, 8 таблети, набавени се 5 нови телевизори и вкупно се 19, 2 принтери и 1 скенер.

</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| водење и тек на час)<br>• Извештај од увид на часови од страна на стручен соработник и директор<br>• Водење на педагошки картон<br>• Инструмент за следење на педагошка евиденција и документација,(одделенски и матични книги)<br>• Програма за работа на директорот и стручните соработници | Училиштето располага со 8 смарт табли._Училниците ги исполнуваат стандардните нормативи во однос на просторот и основното опремување на истиот.<br>Имајќи го во предвид брзиот развој на ИКТ-технологијата се јавува потреба за континуирано обновување на истата која би придонела за осовременување на воспитно-образовниот процес.<br><br>**Избор на задачи, активности и ресурси**<br>Планираните задачи за време на часовите како и домашните задачи се со различно ниво на сложеност и приспособени на индивидуалните образовни потреби на учениците при што на учениците им се овозможува да напредуваат согласно своите способности и со сопствено темпо. При реализирање на наставните часови и обработка на наставните содржини наставниците покрај учебниците користат и прирачници за работа, различни извори на знаење и дополнителна литература, разни нагледни средства и помагала како и користење на линкови, презентации.<br><br>**Приод на наставникот кон учениците**<br>Сите наставници редовно ги запознават, ги споделуваат со учениците целите на наставата и очекуваните исходи од учењето и тие им се јасни на учениците во секоја фаза на учењето. Поучувањето е јасно и разбирливо, соодветно на возраста, потенцијалите и предзнаењата на учениците. Наставата се одвива со примена на интерактивни методи, форми и техники и со поттик од страна на наставниците за активно учество на сите ученици. Наставниците исто така, преку редовните индивидуални повратни информации и редовните насоки за подобрување на успехот упатени на учениците, ја градат и зголемуваат довербата помеѓу нив и учениците. Учењето во училница е активно, динамично и има добра работна атмосфера.<br><br>**Интеракција меѓу наставниците и учениците**<br>Во училиштето застапена е интерактивна настава. Односот меѓу наставниците и учениците е со взаемно почитување, соработка и разбирање еднакво за сите без правење разлика меѓу учениците по пол, социјалното потекло, етничка и верска припадност. Наставниците со учениците се однесуваат на начин што промовира прифаќање, почитување, помош, соработка, толеранција, разбирање и доверба притоа, обезбедувајќи им еднакви можности и земајќи ги во предвид нивните способности. Наставниците се проактивни во создавање на клима за надминување на полови, етнички, религиски и други стереотипи и предрасуди (во однос на културните разлики, способностите, физичкиот хендикеп, интелектуалната попреченост и др.). |

| | |
|---|---|
| | **Следење на наставниот процес**<br>Во училиштето постои пропишана, интерна процедура за следење на наставниот процес која нуди систематизираност и ефективност. Секој наставник се посетува на час најмалку два пати во полугодие од страна на директорот и стручните соработници кои преку своите инструменти (протоколи) го следат и евалуираат работењето на наставниците. Од друга страна, стручните активи редовно се состануваат и разменуваат искуства од посетата на нагледни и отворени часови, како и од посетени семинари и обуки, со цел унапредување на наставата. |

3.3. **Искуства на учениците од учењето**

| | |
|---|---|
| • Средина за учење<br>• Атмосфера за учење<br>• Поттикнување на учениците за превземање одговорност<br>• Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето | |
| **Извори на податоци** | **Информации кои се собрани**<br><br>**Средина за учење**<br>Средината за учење поттикнува доволно интерес за учење во стимулативна и пријатна атмосфера. Учениците и родителите го доживуваат училиштето пред се како безбедна средина, а тоа се должи на поставувањето на повеќе видео-камери во училиштето, како и дежурствата на наставниците.<br>Исто така, учениците и родителите го доживуваат училиштето и како стимулативна, поттикнувачка и инклузивна средина, која поттикнува интерес за учење кај секој ученик.<br>Училиштниот простор во училиштето е естетски уреден за што постои и училишна комисија, а визуелните и пишаните материјали кои се изложени меѓу другото, го отсликуваат и мултикултурализмот на републиката. Наставниците редовно ги изложуваат разните трудови и изработки на учениците на видни места во училниците и ходниците во училиштето при тоа земајќи ги предвид различните афинитети и способности на учениците односно, водејќи сметка секој ученик да добие еднаква можност за изложување на трудот или изработката. Ваквите изложени трудови наставниците редовно ги менуваат во согласност со целите на наставата. Во согласност со просторните капацитети во училниците, наставниците се трудат во голема мера да им обезбедат на учениците слободен пристап до различни материјали за учење, нагледни средства и помагала. За |

| | |
|---|---|
| | таа намена, во голем број од училниците постојат различни катчиња во одделенската настава, опремени кабинети во предметната настава, како и училишна библиотека која во континуитет го збогатува книжевниот фонд во училиштето.<br><br>**Атмосфера за учење**<br>На почетокот на учебната година, наставниците ги уредуваат своите училници трудејќи се да создадат што попријатна атмосфера за учење и напредок.<br>Пред самиот почетокот на учебната година, Комисијата за естетско уредување заедно со стручните служби и директорот, вршат увид во соодветната уреденост на училниците и даваат свои препораки за збогатување на истата, со цел ентериерно и екстериерно да се задоволат барањата на учениците во согласност со капацитетите на училиштето. Дополнително, наставниците посетуваат голем број обуки, предавања и  работилници за ги збогатат своите знаења, вештини и техники за тоа како да го направат интересен материјалот кој  се изучува за учениците, на истите да им дадат можност самостојно да го поврзат со сопственото секојдневие и да ја увидат корисноста и применливоста на она што го изучуваат како подготовка за живот и активно учество во нашето демократско и мултикултурно општество. За време на часовите, најголем број наставници ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Исто така, наставниците не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици и се трудат истите да бидат  што помалку забележани, туку напротив, да се истакнат позитивните страни и истите да бидат во голема мера забележани од соучениците. Учениците сметаат дека по повеќето предмети се учи на интересен начин и го сакаат училиштето.<br><br>**Поттикнување на учениците за преземање одговорност**<br>Наставниците се залагаат и ги поттикнуваат  учениците да го искажат сопственото мислење, притоа почитувајќи го мислењето на другите и не загрозувајќи ги основните човекови права. Во тој контекст во повеќето училници на видно место се истакнати правата и одговорностите на учениците и редовно се дискутира на овие теми на  голем број од часовите, а посебно на часот на одделенската заедница. Исто така, наставниците  посетуваат обуки, предавања, работилници со цел да ги надоградат своите педагошки вештини за тоа како да го поттикнат критичкото мислење на учениците, да го сведат на минимум меѓуврсничкото насилство, да ги поттикнат да водат грижа за сопствените одлуки и постапки итн. а потоа своите знаења ги имплементираат на часовите во директна комуникација со учениците и преку конкретни активности. |

| | |
|---|---|
| | Дека мислењето на учениците сериозно се зема предвид при решавањето проблеми и при одлучувањето најмногу сведочи активната работа на Ученичката заедница каде тие на најдиректен начин имаат можност да иницираат активности, донесуваат сопствени одлуки и да преземаат различни одговорности во училиштето (во и надвор од наставата). Ученичката заедница има изготвено сопствена Програма за работа, редовно ги одржува состаноците, а одговорниот наставник води уредна евиденција за сите реализирани активности. Педагогот исто така, редовно присуствува на состаноците на Ученичката заедница, одржува презентации и работилници и дава целосна поддршка-презентација „Стилови на учење„ и ВАК –тест.<br><br>**Интеракција меѓу учениците**<br>Наставниците водат грижа за социо-емоционалниот развој на учениците и за нивната меѓусебна интеракција. Во тој контекст преку разни содржини, проекти и разни форми на работа ја поттикнуваат, мотивираат и поддржуваат соработка меѓу учениците и даваат свој допринос во зголемувањето на нивните социјални вештини. На дел од наставните часови, а особено на часовите на одделенската заедница наставниците промовираат содржини и проблемски ситуации во кој треба да се негува културната комуникација, сочувството, емпатијата, почитувањето на туѓото мислење и различностите, а потоа вакните содржини индирекно се имплементираат во секојдневниот живот на учениците во нивната меѓусебна комуникација и истите доследно се почитуваат. Исто така, за оваа цел, се планираат и реализираат различни заеднички проекти на учениците, во реализацијата на самите наставни часови, како и во реализацијата на домашните задачи, односно надвор од наставата, во различни хетерогени групи и парови. Учениците се чувствуваат прифатени и задоволни во паралелките и училиштето. |

3.4. **Задоволување на потребите на учениците**

| | |
|---|---|
| • Идентификување на образовните потреби на учениците<br>• Почитување на различните потреби на учениците во наставата | |
| **Извори на податоци**<br><br>• Анкета за ученици<br>• Извештаи од учество на натпревари | **Информации кои се собрани**<br><br>**Детектирање на образовните потреби на учениците**<br>Наставата се организира така да учениците се активни учесници во воспитно- образовниот процес со уважување на нивните индивидуални способности. За таа цел во училиштето се врши идентификација на образовните потреби на учениците во која активно учествуваат како |

| | |
|---|---|
| • Дневни подготовки<br>• Записници од стручни активи<br>• Контролни и писмени работи<br>• Евиденција од додатна и дополнителна настава<br>• Тестови на општи и специфични способности<br>• Записници од состаноци и консултации со инклузивниот тим<br>• Листи за идентификација на ученици со потешкотии во учењето<br>• Прилагодени програми, дневни подготовки и активности за ученици со ПОП<br>• Увид во евиденцијата на стручната служба<br>• Програма за работа и извештаи за ученичката заедница | наставниците така и стручните соработници и инклузивниот тим кои уште при уписот на деца во прво одделение вршат идентификација на ученици кои имаат потешкотии, а потоа преземаат соодветни активности со кои се овозможува нивно надминување.<br>Наставниците во соработка и консултација со инклузивниот тим и стручните соработници ги прилагодуваат своите програми согласно индивидуалните можности и способности на учениците планирајќи и применувајќи индивидуализиран пристап во работата или диференцирани цели.<br>Од друга страна, во согласност со политиката на училиштето, сериозно се води сметка и за надарените ученици кои се поттикнуваат во што поголема мера да ги истакнат своите способности. Тоа се огледува преку разните литературни и ликовни творби од учениците кои се изложуваат во училиштето, добиените награди и пофалници кои ги красат ѕидовите на училишните ходници и учеството на учениците на разни конкурси и натпревари.<br><br>**Почитување на различните потреби на учениците во наставата**<br>Најголем број наставници постојано користат разни техники и стратегии како би го поттикнале и надградиле учењето на учениците со различни способности, афинитети и стилови на учење. За таа цел посетуваа голем број обуки, семинари, работилници, посетуваат отворени и нагледни часови на стручните активи и редовно се консултираат со стручните соработници и директорот.<br>Во училиштето континуирано се следи напредокот и постигањата на учениците од страна на наставниците, стручните соработници и инклузивниот тим и доколку се идентификуваат одредени потешкотии во процесот на учење се преземаат конкретни активности за нивно надминување. Во наставниот процес се почитуват индивидуалните потреби на учениците и согласно тоа се применуваат содветни наставни форми и методи на учење, се прилагодуваат програмите и активностите за учениците со ПОП, се применува диференциран пристап на работа и се задаваат задачи со различно ниво на сложеност се со цел усвојување на наставните содржини од страна на учениците на начин кои им овозможува да научат најмногу што можат. |

3.5. **Оценувањето како дел од напредокот**

| | |
|---|---|
| • Училишна политика за оценување<br>• Методи и форми на оценување<br>• Користење на информациите од оценувањето во наставата | |
| **Извори на податоци** | **Информации кои се собрани** |
| • Програма за работа на училиштето<br>• Правилник за оценување и напредување на | **Училишна политика за оценување**<br>Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Секој наставник во тематското планирање има изработено критериуми за оценување. |

| | |
|---|---|
| учениците<br>• Усогласени стандарди и критериуми за оценување<br>• Примери на оценети трудови на учениците<br>• Контролни и писмени работи<br>• Евидентни листови за успехот и поведението<br>• Записници од стручни активи и наставнички совети<br>• Етички кодекс за оценување прифатен од родителите, наставниците и ученици<br>• Инструменти за следење на наставен час<br>• Критериуми за оценување и стандарди за постигањата на учениците кои се усогласени на ниво на училиште<br>• Анкети со родители<br>• Анкети со ученици | Во училиштето е изготвен и прифатен Етички кодекс за оценување на постигањата на учениците од страна на наставниците, родителите и учениците, кој целосно се почитува.<br>Напредокот на учениците се следи преку формативно и сумативно оценување. Успехот на учениците од прво до трето одделение деветгодишно образование се евидентираше описно во сите класифкациони периоди, од четврто до шесто одделение успехот на учениците во првото и третото тримесечие како и прво полугодие се евидентираше описно, а на крајот на учебната година бројчано, додека учениците од седмо до деветo одделение во сите класификациони периоди се оценуваа бројчано. Оценката е сумативна од сите компоненти, а оценувањето е транспарентно и континуирано. Сите наставници применуваат формативно и сумативно оценување.<br><br>**Методи и форми на оценување**<br>Сите наставници користат различни форми, методи и техники на оценување и тоа: усни одговори, контролни и писмени работи, проектни активности, водење портфолија итн., а често ги вклучуваат и учениците преку самооценувањето, меѓусебното оценување и слично. При користењето на овие форми на оценување се почитуваат индивидуалните разлики и способности на учениците, на истите им се овозможува да ги подобрат своите постигања, а наставниците добиваат можност за согледување на евентуалните пропусти и подобрување на идните планирања и реализација на воспитно-образовниот процес. Без разлика на начинот и формата на оценувањето, наставниците ја запазуваат транспарентноста, преку редовна усна и пишана повратна информација проследена со конкретни насоки за подобрување на успехот на учениците. При оценувањето на учениците со ПОП, наставниците ги вреднуваат нивните знаења и постигнувања на начин кој е утврден во нивниот ИОП (индивидуален образовен план). Со цел да се овозможи поголем континуитет во оценувањето, наставниците уредно водат ученички портфолија.<br>Напредокот на учениците е следен и од стручните соработници на училиштето кои соработуваат со наставниците, даваат насоки и поддршка и помагаат во изготвувањето на објективни тестови на знаења.<br><br>**Користење на информациите од оценувањето во наставата**<br>Наставниците континуирано дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата во наставата особено на часовите на одделенската заедница. Исто така, тие редовно ги информираат родителите за успехот на нивното дете преку индивидуалните средби и преку редовното евидентирање на оценувањето во дневниците, а посебно во е-дневникот во кои родителите имаат увид за успехот на сопственото дете. Наставниците редовно даваат и насоки како на учениците, така и на нивните родители за активностите што треба да се преземат со цел да го подобрат сопствениот успех и постигнувања.<br>Се вреднуваат тековните постигања на учениците и на тој начин се овозможува наставниците да ги планираат идните активности што ќе се применуваат во процесот на учење и поучување. |

3.6. **Известување за напредокот на учениците**

<table>
<tr><td colspan="2">• Известување на родителите за напредокот на учениците</td></tr>
<tr><td>Извори на податоци<br>• Тестови<br>• Наставни листови<br>• Контролни задачи<br>• Писмени работи<br>• Родителски средби евидентирани во Одделенските дневници<br>• Евидентни листови<br>• Свидетелства за завршено одделение<br>• Успех на учениците евидентиран во Е-дневник<br>• Анкети со родители<br>• Евиденција на наставници за остварени средби и соработка со родители;<br><br>• Педагошка евиденција и документац<br>• Интерни акти /кодекси на училиштето<br>• Инструмент за следење и вреднување на работата на наставникот за оценувањето и напредокот на учениците</td><td>Информации кои се собрани<br>Известување на родителите за напредокот на учениците<br>Училиштето има утврден систем за известување и информирање на родителите за напредокот на нивните деца. На почетокот на учебната година се информираат за термините за приемни денови на секој наставник еднаш неделно и редовните родителски средби после завршување на секој класификационен период. Распоредот за приемните денови на наставниците е истакнат на видно место во училиштето.<br>Родителите на учениците редовно се информирани за постигнатиот успех на своите деца преку родителски средби, индивидуални родителски средби и веб-страницата на училиштето.<br>На родителските средби на кои се истакнува напредокот и успехот на учениците на целата паралелка, а родителите преку евидентните листови кои ги подготвува одделенскиот раководител се запознаваат конкретно со успехот на своето дете. Такви средби на кои се разгледува успехот на учениците училиштето организира пет пати во текот на учебната година: на почетокот од учебната година, на крајот од првото тримесечие, на крајот од првото полугодие, на крајот од третото тримесечје и крајот на учебната година. Имено пред да се поделат свидетелствата се закажуваат и одржуваат родителски средби со цел родителите да се запознаат со успехот на своите деца на крајот од учебната годината, и доколку имаат забелешки по истиот можат да поднесат приговор.<br><br>Родителите имаат можност да се информираат од класниот раководител или предметниот наставник поконкретно со успехот, поведението и општо напредокот на своите деца на индивидуални средби во денови утврдени за секој наставник поединечно во Програмата за работа на училиштето. Таквите средби се забележуваат во одделенскиот дневник. На овие индивидуални средби исто така се разменуваат мислења од присуството или потреба од присуство на дополнителни или додатни часови кои секој наставник поединечно ги организира во утврдени термини во текот на целата учебна година.<br>Преку разгледувањето на портфолијата на учениците на индивидуалните или заедничките родителски средби родителите имаат можност поблиску да се запознаат со работата и постигањата на своите деца.<br>Напредокот на своите деца родителите можат да го следат и преку Е-дневникот.<br>Поради пандемијата информациите за напредокот и родителските средби почесто се реализираа преку ТИМСС .<br>Родителски средби одржани во 2020/ 21година на 16.04.2021; 22.01.2021; 18.01.2021; 25.11.2020</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| • Анкети и интервјуа со родители | 27.10.2020.<br>Родителски средби одржани во 2019/ 20 година на 15.06.2020; 16.04.2020; 24.01.2020; 21.01.2020; 12.11.2019; 04.09.2019.<br>Согласно законот за основно образование и интерните акти и кодекси на училиштето за учениците кои покажуваат континуирано слаби резултати во учењето или отсуствуваат од наставата, се организира дополнителна настава од предметниот наставник или одделенскиот наставник и за реализација на истата се информирани и ученикот и родителот – старателот од кој е добиена согласност за присуство на ученикот на дополнителните часови во закажаните термини. За учениците кои се истакнуваат со своето знаење се организира додатна настава и за присуство на тие часови се информира родител - старател. Учениците кои постигнале натпросечни резултати во наставните и воннаставните активности се пофалени односно наградени, а родителот е информиран од комисијата и од раководителот на паралелката. |

**Клучни страни**

- Постоење на пропишани приоди и утврдени процедури за планирање, поддршка и следење на планирањето на наставата
- Навремено изготвување годишни и тематски планирања соодветни со условите за работа во училиштето и потребите на учениците;
- Годишните и тематските планови како и оперативните планови за час (дневни подготовки) содржат јасни насоки што се очекува од учениците да научат, очекувани резултати/исходи од учењето и начинот на оценување на учениците;
- Целосно реализирање на изготвените годишни и глобални планирања;
- Размена на искуства во рамките на стручниот актив, со надворешни соработници-наставници од други училишта, советници од БРО во изработката на плановите за реализација на наставата;
- Реализирање интегрирана настава во училиштето;
- Распоредот на часови е изработен согласно наставниот план и почитувајќи го најдобриот интерес на детето;
- Користење разновидни наставни форми и методи соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење;
- Задачите што се работат во училиште или дома се планирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите;
- Наставниците редовно ги споделуваат целите на наставата и очекуваните исходи од учењето со учениците и тие им се јасни на учениците;
- Наставници со учениците се однесуваат на начин што промовира прифаќање, почитување, помош, соработка, толеранција, разбирање и доверба;
- Училиштето има пропишано интерна процедура за следење на наставниот процес;
- Училиштето се доживува од страна на учениците и родителте како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење;
- Училиштето го применува принципот на демократско учество на учениците;
- Учениците и наставниците заеднички работат на различни проекти во и надвор од училиштето;
- Навремено идентификување на образовните потреби на учениците, се почитуваат и задоволуваат;
- Користење различни ресурси и приоди за учење и настава преку кои се задоволуваат индивидуалните образовни потребина учениците;
- Пропишани Стандарди и критериуми за оценување како и Правилник и Кодекс за оценување на учениците; о д страна на директорот, стручна служба и тимот за професионален развој;
- Училиштето има дефинирана политика за следење, анализа и поддршка на оценувањето;
- Редовно известување за напредувањето на учениците.

- Континуирана обука на наставниците за употреба на ИКТ и нови образовни технологии и истите ги применуваат во наставата;
- Осовременување на наставата со воведување на кабинетска настава;

**Анализа на резултатите**

**Најмалку два пати во годината се врши посета на наставен час кај секој наставник**

- На прашањето „Најмалку два пати во годината се врши посета на наставен час кај секој наставник“ од вкупно 33 анкетирани наставници, со потполно се согласувам одговориле 14-42% со воглавно се согласувам одговориле  10-30%  со делумно се согласувам одговориле 6—18% со не се согласувам одговорил 3-9%.

**Постои соработка помеѓу наставниците од иста или различна група на предмети**

- На прашањето „Постои соработка помеѓу наставниците од иста или различна група на предмети“ од вкупно 33 анкетирани наставници, со потполно се согласувам одговориле 13-39% со воглавно се согласувам одговориле  16 -48%  со делумно се согласувам одговориле 3—9% со не се согласувам одговориле 1- 3%.

**Наставниците разменуваат искуства и идеи на ниво на стручен/стручни активи**

- На прашањето „Наставниците разменуваат искуства и идеи на ниво на стручен/стручни активи“ од вкупно 33 анкетирани наставници, со потполно се согласувам одговориле 13-39% со воглавно се согласувам одговориле  12-36%  со делумно се согласувам одговориле 7—21% со не се согласувам одговорил 1- 3%.

**Постои соработка при реализација на отворени часови**

- На прашањето „Постои соработка при реализација на отворени часови“ од вкупно 33 анкетирани наставници, со потполно се согласувам одговориле 13-36% со воглавно се согласувам одговориле  11-33%  со делумно се согласувам одговориле 6—18% со не се согласувам одговорил 4-12%.

**Се остварува соработка со наставници од други училишта од општината/други општини во РМ или училишта од други држави**

- На прашањето „Се остварува соработка со наставници од други училишта од општината/други општини во РМ или училишта од други држави од вкупно 33 анкетирани наставници, со потполно се согласувам одговориле 09-27% со воглавно се согласувам одговориле  15-45%  со делумно се согласувам одговориле 6-18% со не се согласувам одговорил 3-9%.

**Наставниците имаат воспоставено добра комуникација со учениците, еднаков приод, взаемна почит и поддршка**

- На прашањето „Наставниците имаат воспоставено добра комуникација со учениците, еднаков приод, взаемна почит и поддршка“од вкупно 135 анкетирани ученици, со потполно се согласувам одговориле 81-60% со воглавно се согласувам одговориле  28-21%  со делумно се согласувам одговориле 17-13% со не се согласувам одговорил 9-7%.

**За време на часовите се преземаат активности за обезбедување на пријатна атмосфера за работа**

- На прашањето „За време на часовите се преземаат активности за обезбедување на пријатна атмосфера за работа“од вкупно 135 анкетирани ученици, со потполно се согласувам одговориле 81-60% со воглавно се согласувам одговориле  38-28%  со делумно се согласувам одговориле12-9% со не се согласувам одговорил 4-3%.

**Без потешкотии можам да ја совладам наставната програма**

- На прашањето „Без потешкотии можам да ја совладам наставната програма“ од вкупно 135 анкетирани ученици, со потполно се согласувам одговориле 68-50% со воглавно се согласувам одговориле 43-32% со делумно се согласувам одговориле 14-10% со не се согласувам одговорил 10-7%.

**Реално сум вреднуван за своето знаење**

- На прашањето „Реално сум вреднуван за своето знаење“ од вкупно 135 анкетирани ученици, со потполно се согласувам одговориле 85-63% со воглавно се согласувам одговориле 29-21% со делумно се согласувам одговориле 7-5% со не се согласувам одговорил 14-10%.

**Редовно сум информиран(а) за постигнувањата/напредокот на моето дете**

- На прашањето „Редовно сум информиран(а) за постигнувањата/напредокот на моето дете“од вкупно 112 анкетирани родители, со потполно се согласувам одговориле 89-79% со воглавно се согласувам одговориле 17-15% со делумно се согласувам одговориле 6-5% со не се согласувам одговорил 0-0 %.

**Вреднувањето е соодветно на постигнувањето на моето дете**

- На прашањето „Вреднувањето е соодветно на постигнувањето на моето дете“од вкупно 112 анкетирани родители, со потполно се согласувам одговориле 63-56% со воглавно се согласувам одговориле 28-25% со делумно се согласувам одговориле 20-18% со не се согласувам одговорил 1-1%.

## Идни активности

- Реализација на кабинетска настава.
- Континуирана обука на наставниците за употреба на ИКТ и нови образовни технологии и истите ги применуваат во наставата.

| | |
|---|---|
| **ПОДРАЧЈЕ 4** | **Поддршка на учениците** |
| **Членови на работната група:** | **Елена Бендовска,** Драгица Неделковска -заменик, Гордана Стојковска, Бетка Спасовска, Лилјана Николиќ, Мимоза Митиќ, Анета Кирковска, Ивана Василевска, Лидија Стојановска, Тања Кокаловска |

| Бр. | Оддели во рамките на подрачјето | Теми: |
|---|---|---|
| **4.1** | **Севкупна грижа за учениците** | • Заштита од физички повреди и елементарни непогоди<br>• Превенција од насилство<br>• Заштита од пушење, алкохол и дрога<br>• Квалитет на достапна храна<br>• Поддршка на учениците со телесни пречки во вразвојот<br>• Грижа за учениците од социјално загрозени семејства |
| **4.2** | **Здравје** | • Хигиена и заштита од болести<br>• Грижа за учениците со здравствени проблами |
| **4.3** | **Советодавна помош за понатамошно образование на учениците** | • Давање помош при избор на занимањето/ институцијата за понатамошното образование,<br>• Грижа за учениците со емоционални потешкотии |
| **4.4** | **Следење на напредокот** | • Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците<br>• Анализа на напредокот на учениците по паралелки |

4.1. **Севкупна грижа за учениците**

| | |
|---|---|
| • Заштита од физички повреди и елементарни непогоди<br>• Превенција од насилство<br>• Заштита од пушење, алкохол и дрога<br>• Квалитет на достапна храна<br>• Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот<br>• Грижа за учениците од социјално загрозени семејства | |
| **Извори на податоци** | **Информации кои се собрани** |

| | |
|---|---|
| - Годишна програма на училиштето;<br> - Годишен извештај за работата на училиштето;<br> - План за евакуација и акционен план;<br>- Сертификати за обучен наставен кадар за укажување прва помош;<br> - Осигурителни полиси;<br>- Документ за извршена набавка и сервис на ПП апарати;<br> - Документ за громобранова инсталација;<br>- Документ за извршена набавка на хидрантни уреди;<br>- Уверенија за обученост за безбедност и здравје при работа;<br>- Педагошка евиденција;<br>- Податоци за организирани трибини и предавања во училиштето;<br> - Распоред на дежурства на наставниците;<br>- Евиденција за ученици со емоционални, физички и социјални проблеми;<br>- Записници од индивидуални разговори со ученици и наставници; | Активностите за унапредување на ментално и физичко здравје на учениците, како и континуираното следење на нивните физички, емоционални и социјални потреби, независно од половата и етничката припадност се еден од основните императиви на нашето училиште. Во таа насока, за обезбедување на заштитата и благосостојбата на учениците во наставно образовниот процес се преземаат повеќе активности.<br><br>**Заштита од физички повреди и елементарни непогоди**<br><br>Училиштето има пропишани мерки и активности за учениците и вработените да се чувствуваат безбедно во текот на наставата. Училишната зграда и училишниот двор се безбедно место за престој на учениците во нашето училиште, а овој заклучок произлегува и од резултатите од анкетниот прашалник во кој висок е процентот на родители кои позитивно се изјаснија на прашањата поврзани со добросостојбата на учениците, а исто така со висок позитивен процент се изјаснија и учениците, дека се чувствуваат безбедно во своето училиште. За тоа да биде така училиштето навистина се грижи. Обезбедена е безбедна, уредна и пријатна училишна средина, со обезбедено дежурство во двете смени на наставата од страна на дежурни наставници. Училиштето има Кодекс на ученици кој е истакнат на видно место и Кодекс на наставници кој е истакнат на видно место. Дежурството на катовите на наставниците е истакнато на видно место. За постојана дваесет и четири часовна заштита на учениците, во ходниците поставени се камери, така што училишните ходници и училишниот двор се под целосен надзор, со што се обезбедува уште поголема безбедност на учениците низ училишниот простор. За таа цел и во ноќните часови ангажирано е и физичко и патролно обезбедување. Во рамките на практичната настава, учениците користат заштитна опрема при реализација на наставните содржини за стекнување на практични вештини. Училиштето превзема различни активности за заштита на учениците од физички повреди и елементарни непогоди при што постои План за заштита и спасување од елементарни непогоди, природни катастрофи и незгоди со формирани тимови. Повеќе пати во годината се спроведуваат вежби/ симулации на елементарни непогоди за евакуација на учениците од училишната зграда. Учениците го препознаваат знакот кој алармира елементарна непогода и крај на истата. Со учениците на часовите на одделенската заедница се разговара за постапките и однесувањето за време на елементарна непогода. За време на алармантната ситуација со бомбите во училиштата, нашето училиште успешно се справуваше, наставниците безбедно ги изнесуваа надвор учениците, се почитуваа сите пропишани мерки и |

| | |
|---|---|
| - Известувања за ученици до соодветни институции;<br>- Дневници на паралелки;<br>- Записници од работата на Совет на родители;<br>- Извештаи од соработка со локална средина;<br>- Годишна програма и извештај на училиштето;<br>- Дневници на паралелките;<br>- Копија од договор;<br>- Сертификати на фирмата;<br>- Тендерска постапка – огласи;<br>- Податоци за организирана исхрана на учениците;<br>- Склучен договор за доставување на храна;<br>- Правилник за стандардите за исхраната и за оброците во основно училиште (МОН);<br>- Записници од санитарен инспектор;<br>- Процедура за грижа на учениците со телесни пречки;<br>- Годишни програми и извештаи на стручната служба;<br>- Анализа на социјалната структура на учениците;<br>- Програма за работа на ПЦК. | протоколи, со земање на ранците, личните работи, повикување на полиција, давање психолошка помош и поддршка на учениците. Инфраструктурата во училиштето (мебел, скали, струјни места, подови, прозорци) се безбедни и не претставуваат опасност за учениците. Обележани се хидрантните бази, редовно се сервисирани и проверени ПП апаратите, кои се поставени на видно место во училиштето и на секој од нив има упатство за употреба. Училиштето поседува потврда со број 0303-729/ 2022 за водење посебна евиденција за извршено одржување, испитување, односно сервисирање на противпожарните апарати, при што последниот сервис на ПП апаратите е извршено во месец јуни 2022 година. Училиштето има Елаборат на училишната зграда и истиот е јавно истакнат.<br><br>Нашето училиште во соработка со ПЗУ ПОЛИКЛИНИКА ТОСПАШ усвои Програма за обучување на вработените од областа на безбедност и здравје при работа, која е изработена согласно Членовите 17, 31 и 32 од Законот за безбедност и здравје. Согласно програмата, на ден 06.06.2022 година, склучен е договор за вршење на стручни работи поврзани со безбедност и здравје при работа, склучен помеѓу нашето училиште како Договорен орган и ПЗУ ПОЛИКЛИНИКА ТОСПАШ, Скопје како Извршител на услуга. Од страна на стручните лица за БЗР на ПЗУ ПОЛИКЛИНИКА ТОСПАШ, во работните простории на нашето училиште, беа организирани предавања за безбедност и здравје при работа на кој присустувуаа, полагаа и положија испит за безбедно извршување на работата вкупно 75 вработени од нашето училиште.<br><br>На ден 07.07.2022 година, тројца наставници од нашето училиште се сертифицираа со „Основен курс за прва помош“, од страна на СВР „Цврен крст“- Скопје. Исто така, за време на состаноците на Подмладокот на Црвен Крст одговорните ученици се обучуваат за давање на прва помош. Училиштето е снабдено со материјали за укажување на прва помош и означено катче за чување на материјалите за прва помош.<br><br>Според овлстувањата на Извршителот на услуга за вршење на стручни работи за безбедност при работа, ПЗУ ПОЛИКЛИНИКАТА ТОСПАШ, по направениот увид во нашето училиште, изготви и достави позитивен извештај за извршени мерења на осветленст и микроклиматски услови и позитивен извештај од испитување на електрично заземјување на кабли.<br><br>Се почитува и правилникот за изведување на екскурзии па заедно со учениците и наставниците како придружба е и соодветно медицинско лице.<br><br>Училиштето има соработка и со локалната заедница на безбедносен план, а по потреба се бара |

| | |
|---|---|
| | помош и од полицијата.<br><br>**Превенција од насилство**<br><br>Училиштето има програми и протокол како пишан документ во кој се дефинирани сите облици на насилство. Протоколот е достапен за сите (наставници, ученици и родители). Во училиштето се забранува секаков облик на насилство манифестиран од страна на возрасните и учениците и се наведуваат механизми за справување со евентуална појава на насилство. Случаи на ментална или физичка злоупотреба се многу ретки. Доколку се забележи таква појава, веднаш интервенираат најпрво класните раководители или самите ученици, педагошко - психолошката служба која ги вклучува родителите и заеднички се работи на надминување на негативните состојби, како и зајакнување на довербата, а се постапува согласно правилникот за насилно однесување и се применуваат педагошки мерки. Доколку има потреба се комуницира со надлежните институции како Центар за социјална работа или МВР. За превенција и распознавање на насилството учениците учат од најрана возраст. Во помалата возраст тоа го прават преку игра и различни текстови со едукативен карактер. Во содржината на записниците на родителските средби се наведува документ во делот од Законот за Основно Образование со кој се информираат родителите дека се упатуваат на советување доколку учениците пројават несоодветно и насилно однесување и антисоцијални појави и заслабнато учење.<br><br>Во училиштето има изготвено Правилник за изрекување педагошки мерки и формиран Тим за поддршка за секој ученик кому е изречена педагошка мерка. Во училиштето со помош на стручната служба се разгледуваат сите фактори кои придонесуваат за секоја првична насилна реакција. Постојат повеке фактори кои влијаат на развојот на насилството– хиперактивност, импулсивност, слаба контрола врз однесувањето, проблеми со вниманието, историја на рано агресивно однесување, како и слаби постигнувања во образованието. Големо влијание имаат врсниците и семејството. Најчесто атмосферата во домот и некои семејни фактори– лошиот надзор над младите и тешки физички казни за нивно дисциплинирање, конфликти мегу родителите во раното детство мала поврзаност на родителите и детето, ниска социоекономска положба во семејството и дружење со деликвентни врсници.<br><br>Училишниот педагогот реализираше бројни работилници кој ја опфаќаат оваа проблематика: „Емоционална злоупотреба на детето“, „Инспиративни и поучни приказни за најважните работи во |

| | |
|---|---|
| | животот". Вработените ја знаат својата улога и одговорноста во процесот на заштита на децата и водат грижа за почитување на нивните права и достоинство. За таа цел соработуваат меѓусебно, со родителите, стручните соработници. Децата ги знаат своте права дел од овие содржини се интегрирани во наставните содржини по одделни предмети. Сите наставници на своите часови, преку најразлични алатки, бошури, презентации, ги советуваа учениците за ризиците во сајбер просторот.<br><br>**Заштита од пушење, алкохол и дрога**<br><br>Училиштето има политика за забрана на пушење, консумирање на алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични супстанци, која подразбира дека во училиштето (училниците, канцеларијата, тоалетите, училишниот двор) не се пуши и не се доаѓа во алкохолизирана состојба и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанци. Во училиштето се организираат едукативни предавања за превенција од употреба на алкохол, цигари и дрога. Овие предавања ги држат претставници од Невладини организации, лица од здравство и полициски службеници, стручна служба. Покрај тоа, на видни места е истакнат Кодексот на однесување. Во холовите, канцелариите и работните простории на училиштето има истакнати знаци за забрана за пушење. Се работи според предвидените постапки во Законот за заштита од пушење. Во соработка со локалната заедница и општината, нашето училиште наоѓа начин да спречи користење алкохол и наркотични супстанци во неговиот двор и засега успешно се справува.<br><br>**Квалитет на достапна храна**<br><br>Во училиштето се организира училишна исхрана, односно топол оброк за учениците кои следат настава со продолжен престој. Заинтересираноста за ужинка е многу мала, па затоа и училиштето ја нема обезбедено. Постои процедура за снабдување со храна, која што е пропишана со Правилник за стандардите за исхраната и за оброците во основно училиште (МОН). Притоа се реализираат следниве процедурални активности:<br><br>- Се одбира Комисија за составување на мени според стандарди за исхрана, која го изготвува менито.<br><br>- Се составува Комисија за изготвување на тендерска документација која ги пропишува условите и критериумите за снабдување со ужинка и топол оброк и ја врши тендерската постапка.<br><br>- Изготвеното мени со тендерската документација се доставуваат до Совет за јавни набавки каде што |

| | |
|---|---|
| | стручни лица даваат свое мислење и согласност.<br><br>- Се склучуваат договори за доставување на храна.<br><br>- Комисијата што го составува менито има обврска континуирано да го проверува дали се почитува утврденото мени. Постојат записници од ЈЗУ Центар за јавно здравје.<br><br>– Скопје за почитување на Законот за безбедност на храна и записници од санитарен инспектор за извршена контрола на храната. Стручни лица од ЈЗУ Центар за јавно здравје – Скопје неколку пати во учебната година земаат примероци за контрола на храната и вршат анлиза, а за тоа доставуваат соодветни записници.<br><br>Постои координација со Општина Кисела Вода во поглед на квалитетот и исправноста на храната и почитување на прописите во Правилникот за стандардите за исхраната. Општината го бара менито на увид. Во училиштето се води кампања за здрава храна преку едукативни предавања и проекти, а кампањата ја вршат самите наставници во текот на часовите на одделенската заедница и преку часови каде имаат интеграција на еколошка едукација. Исто така, се организираат предавања на стручни лица/ родители за здрава храна, според програмата за соработка со родители, за што наставниците имаат изготвено извештаи како доказ за нивна реализација.<br><br>**Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот**<br><br>Училиштето има Инклузивен тим и пропишани процедри за грижа за учениците со пречки во развојот/ физичка попреченост, но нема такви ученици во нашето училиште. Пристапот во училиштето е приспособен на потребите на учениците со пречки во развојот/ физичка попреченост, преку поставената пристапна рампа на самиот влез на училиштето. Просторот во ходниците и училиниците, само на приземје, би овозможило нивно движење. Не постои приспособен тоалет за ученици со физичка попреченост што е достапен за нивна употреба. Учениците со попреченост добиваат подршка при следењето на наставата од лични/образовни асистенти обезбедени преку соработка со Општина Кисела Вода. Нашето училиште е отворено за прием на деца со пречки во развојот, но проблем претставува самата инфраструктура на училиштето.<br><br>**Грижа за учениците од социјално загрозени семејства** |

| | |
|---|---|
| | Училиштето нема пропишани процедури за обезбедување материјални средства за учениците кои заради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици и кои поради ниската социјална состојба не се во материјална можност да обезбедат доплнителни средства за учество во одредени активности, но навистина успешно води грижа за нив. Имено, стручната служба при самото запишување на учениците, пополнува формулар со податоци за социјалната структура на семејставата на учениците, во однос на тоа дали се приматели на социјална помош. Педагогот на училиштето, во соработка со раководителите на паралелките и родителите/ старателите, изработува анализа на социјалната структура на учениците. Согласно на тоа, училиштето има увид за деца кои потекнуваат од социјално загрозени семејства и се изработува соодветен преглед со потребни податоци за тие ученици. Грижата за овие ученици е голема и училиштето им помага на разни начини. Во училиштето се организираат хуманитарни акции за собирање прехрамбени продукти, облека, хигиенски средства, училишен прибор и парични средства. Во соработка со доставувачот на училишна исхрана, училиштето обезбедува бесплатна ужинка и топол оброк за дел од учениците кои се социјално загрозени. Во соработка со туристичките агенции, за овие ученици се обезбедува попуст за повеќедневни екскурзии. Во соработка со културните установи, за овие ученици организираме бесплатно следење театарски и кино претстави, фестивали и други културни активности. Училиштето прави секакви напори да им помогне на овие ученици во соработка со ЈУ Центар за социјални работи - Скопје, Црвен Крст на РСМ, Општина Кисела Вода, хуманитарни организации и други невладини организации. |

4.2. **Здравје**

| | |
|---|---|
| • Хигиена и заштита од болести<br>• Грижа за учениците со здравствени проблеми | |
| **Извори на податоци** | **Информации кои се собрани** |
| • Годишна програма за работа на училиштето | |

| | |
|---|---|
| • Куќен ред<br>• Правилник за организација и систематизација на работните места<br>• Записници од надлежни органи за контрола на хигиената и здравјето на учениците<br>• Педагошка евиденција и документација<br>• Список на дежурства на наставниците<br>• Евиденција од дежурствата на учениците на главниот влез на училиштето<br>• Евидентна книга со записници од дневни дежурства<br>• Правилници<br>• Евиденција од работа со ученици со ПОП и изготвени ИОП<br>• Евиденција од следење на:вакцинации, систематски | **Хигиена и заштита од болести**<br><br>Хигиената во училиштето ја одржуваат пет хигиеничари- технички персонал. Хигиената во училиштето е на високо ниво. Тоалетите се чисти и дезинфицирани во секое време од денот и ги задоволуваат законските прописи. Дежурните наставници за време на одморите, а сите други за време на часовите се грижат и интервенираат во однос на хигиената во училиштето и училишниот двор. Училиштето воспитно делува учениците да ја одржуваат личната хигиена. Доказ за тоа се многубројните работилници реализирани на одделенските часови, согласно со програмата Образование за животни вештини, многубројните активности на самите часови, реализирани од страна на сите наставници. Во училиштето како проблем останува сеуште дефицитот на технички персонал, со оглед на големината на училиштето и зголемениот број на ученици. За подобрување на хигиената во училиштето, реновирани се поголем дел од санитарните чворови и дезинфициран (варосан) е целиот училишен простор, променет е подот во сите училиници. Ходниците и скалите се чистат најмалку три пати во денот, подот и мебелот во училниците се чистат речиси пред почетокот на секоја смена, другиот училишен простор еднаш во текот на денот, а прозорците, вратите и другиот инвентар најмалку по два пати во секое полугодие. На почетокот на секоја учебна година санитарен инспектор ја проверува хигиената во училиштето и дава дозвола за непречено одвивање на наставата. Дворот на училиштето е чист од секаков вид на отпадоци и сите земјени површини се позеленети и редовно се одржуваат, согласно точките на акција од воспоставените еколошки стандарди за одржлив развој. Во изминатиов период, директорот на училиштето, посебно внимание посвети на убаво хорикултурно уредување на дворот. Училиштето воспитно делува и во селекција на отпадот, има поставено соодветни корпи за селекција и рециклирање на отпадот, како и корпи за отпадоци во секоја училница, ходниците и дворот. Доказ за целокупната воспитна работа, за развивање на еко свеста која започнува уште од прво одделение кај учениците и трае се до нивно завршување на основното образование, се реализираните еко програми од страна на сите наставници.<br><br>Училиштето има програма за превенција од заразни болести. Сите вработени редовно вршат систематски прегледи. Со систематски прегледи опфатени се и учениците од I, III, V и VII одделение, а со стоматолошките систематски преглади се опфатени сите ученици. Истите се реализираат во Здравствените установи во присуство на одделенскиот раководител или раководителот на паралелката. При запишувањето на учениците во прво одделение задолжително се бара и потврда за редовни стоматолошки прегледи и примените задолжителни вакцини за детето |

прегледи,стоматолошки прегледи и работилници

- Извештаи од реализација на еколошката програма
- Извештаи од реализирани еколошки проекти и акции од воспоставени еколошки стандарди за одржлив развој
- Санитарни книшки на вработените
- Извештаи од работата на стручната служба

како услов за запишување. На вработените им се овозможува и се задолжуваат еднаш на три години систематски преглед и еднаш годишно санитарен преглед во здравствен дом „Пролет“-Скопје. Вакцинирањето се врши според Програмата за имунизација на учениците од основните училишта согласно Правилникот за имунопрофилакса и хемопрофилакса при Министерството за здравство, Државен санитарен и здравствен инспекторат. Вакцинирањето се врши во поликлиниката „Јане Сандански“ во присуство на родител и одделенскиот наставник за учениците од I до V одделение, а за учениците од VI до IX одделение, одделенскиот раководител или предметен наставник и родител. Согласно законската обврска за вакцинирање, учениците кои не се вакцинирале на редовниот термин при систематски преглед, по добиени списоци на невакцинирани ученици училиштето ги известува родителите и ги повикуваа учениците да се вакцинираат во однапред определени термини од здравствените работници во амбуланта Јане Сандански.

Преглед на реализирани системетски прегледи 2021/2022 година:

Ситематски стоматолошки прегледи и залевка на трајни заби во ординација за детска и превентивна стоматологија во Поликлиника Јане Сандански се изршени во второ одделение од 22 до 28.09.2021 година; IV одделение од 11.04.2022 до 14.04.2022 година; VI одделение од 01.03.2022 до 04.03.2022 година.

| II одделение | IV одделение | VI одделение |
|---|---|---|
| 22.09.2021г. учениците од IIа | 11.04.2022г. учениците од IIа | 01.03.2022г. учениците одVIа |
| 23.09.2021г. учениците од IIб | 12.04.2022г. учениците од IIб | 02.03.2022г. учениците одVIб |
| 24.09.2021г. учениците од IIв | 13.04.2022г. учениците од IIг | 03.03.2022г. учениците од VIг |
| 27.09.2021г. учениците од IIг | 14.04.2022г. учениците од IIд | 04.03.2022г. учениците одVIд |
| 28.09.2021г. учениците од IIд | | |

Систематски стоматолошки прегледи во ординација за детска и превентивна стоматологија во Поликлиника Јане Сандански се изршени во I оделение од 18.11 до 24.11.2021 година; III одделение од 19.05.2022 до 25.05.2022 година; V одделение од 28.03.2022 до 31.03.2022 година.

| I оделение |
|---|
| 18.11.2021г. учениците од Iа |
| 24.11.2021г. учениците од Iб |
| 22.11.2021г. учениците од Iв |
| 23.11.2021г. учениците од Iг |
| 19.11.2021г. учениците од Iд |

| III одделение | V одделение |
|---|---|
| 19.05.2022г .учениците од Iа | 28.03.2022г .учениците од Iа |
| 20.05.2022г. учениците од Iб | 29.03.2022г. учениците од Iб |
| 23.05.2022г.учениците од Iв | 30.03.2022г.учениците од Iв |
| 25.05.202.г.учениците од Iг | 31.03.2022г.учениците од Iг |

Систематски стоматолошки прегледи во ординација за детска и превентивна стоматологија во Поликлиника Јане Сандански се изршени во седмо VII одделение од 30.11 до 06.12-07.2021 година: 30.11.2021 година учениците од VII а; 01.12.2021 година, учениците од VII б; 02.12.2021 година учениците од VII в; 03.12.2021 година, учениците од VII г; 06.12.2021 година, учениците од VII одделение.

Преглед на реализирано вакцинирање, учебна 2021/ 2022 година:

Согласно програмата за задолжителна имунизација на учениците од деветто одделение кои подлежат на ревакцинација на ДИ-ТЕ и ПОЛИО- (Дифтерија - Тетанус и детска парализа), се спроведе во Поликлиника Јане Сандански на 03 и 04.11.2021 година според следниов распоред: 03.11.2021 година учениците од IX а одделение во 08:30 часот; 03.11.2021 година учениците од IX б во 11:00 часот; 04.11.2021 година учениците од IX в во 08:30 часот; 04.11.2021 година учениците од IX г во 11:00 часот. Согласно програмата за задолжителна имунизација за учениците од прво и второ одделение, имунизацијата се спроведе по следниов редослед: 06.12.2021 година се имунизираа учениците од II а одделение и II б одделение, на 07.12.2021 година учениците од II в

| | |
|---|---|
| | одделение, на 09.12.2021 година учениците од II г и II д одделение, на 03.05.2022 година учениците од I а и I б одделение, на 04.05.2022 година учениците од I в одделение, на 05.05.2022 година учениците на I г одделение.<br><br>Преглед на систематски прегледи и вакцинација во учебна 2022/2023 година:<br><br>Превенцијата на орални заболувања се вршеше во ЈЗУ поликлиника "Јане Сандански"– Скопје согласно акционит план за тековната 2022/ 2023 за превенција на орални заболувања. Во првото полугодие се изршени стоматолошки прегледи на: ученици од VII одделение (19.09.2022 – 22.09.2022); годишен редовен стоматолошки преглед, ученици од VI одделение (17.10.2022 – 20.10.2022); годишен редовен стоматолошки преглед, ученици од V одделение (13.12.2022 – 16.12.2022); годишен редовен стоматолошки преглед.<br><br>Во второто полугодие се извршени стоматолошки прегледи и на: ученици од IV одделение (06.02.2023 – 10.02.2023 год); редовен стоматолошки преглед и залевање на трајни заби за ученици од III одделение (13.03.2023 – 17.03.2023 год); редовен стоматолошки преглед и залевање на трајни заби за ученици од II одделение (10.04.2023 – 24.04.2023 год.); редовен стоматолошки преглед и залевање на трајни заби за ученици од I одделение (05.06.2023 – 08.06.2023 година), редовен стоматолошки преглед и залевање на трајни заби. Вакцинирањето се изврши според Програмата за имунизација на учениците од основните училишта согласно Правилникот за имунопрофилакса и хемопрофилакса при Министерството за здравство, Државен санитарен и здравствен инспекторат. Вакцинирањето се изврши во поликлиниката "Јане Сандански" во присуство на родител и одделенскиот наставник за учениците од I до V одделение, а за учениците од VI до IX одделение одделенскиот раководител или предметен наставник и родител. Во првото полугодие од учебната 2022/2023 година извршена е имунизација на: ученици од IX одделение (05.09.2022 и 06.09.2022); ревакцинација со ДИ-ТЕ-ПЕР и ПОЛИО (Дифтерија-Тетанус-Перусис и детска парализа); за ученици од II одделение (28.10.2022 до 03.11.2022) - ревакцинација со ДИ-ТЕ-ПЕР и ПОЛИО (Дифтерија-Тетанус-Перусис и детска парализа). Ученички со наполнети 12 до 15 години (месец декември 2022) – HPV вакцина. Во второто полугодие од учебната 2022/2023 година извршена е имунизација и на ученици од I одделение, ревакцинација за МРП (03.04.2023 – 06.04.2023 година). За вработените во училиштето извршени се: систематски преглед од поликлиника Тоспаш, во просториите на училиштето (05.09.2023- 15.05.2022) и санитарни прегледи во ЈЗУ - ЦЈЗ „Пролет“ |

| | |
|---|---|
| | (26.06.2023- 30.06.2023).<br><br>За сите ученици училиштето поседува потврди за редвно примени вакцини.<br><br>**Грижа за учениците со здравствени проблеми**<br><br>Нашето училишто има изградено систем за идентификување на ученици со здравствени проблеми. При запишувањето на учениците во прво одделение, родителите, во анкетниот прашалник на педагогот, се анкетираат за здравствената состојба на нивното дете. За учениците кај кои се утврдило дека имаат одредени здравствени проблеми, одделенскиот раководител и стручната служба ги известуваат и другите наставници кои му предаваат на ученикот, како и другите ученици (доколку за тоа има потреба), со цел да им се даваат работни задачи и задолженија кои одговараат на нивните способности и можности. Доколку учениците имаат здравствени проблеми кои подразбираат подолготрајно отсуство, се упатуваат на разговор во педагошко-психолошката служба, и врз основа на состојбата се регулира случајот според постојната законска регулатива. Наставниците се запознени со состојбата и излегуваат во пресрет на потребите на ученикот. Училиштето има пропишани процедури, достапни во годишната програма на училиштето, за грижа на учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Процедурите се спроведуваат во практиката за сите ученици кои имаат потреба од таков третман, притоа училиштето соработува со родителите, локалната заедница и со другите релевантни институции, здравствените установи и Центарот за социјална работа. |

4.3. **Советодавна помош за понатамошно образование на учениците**

| | |
|---|---|
| • Давање помош при избор на занимањето/ институцијата за понатамошното образование,<br>• Грижа за учениците со емоционални потешкотии | |
| **Извори на податоци**<br><br>• Записници од родителски средби<br><br>• Програма за | **Информации кои се собрани**<br><br>**Давање помош при избор на занимањето/ институцијата за понатамошното образование**<br><br>Учениците со професиите се запознаваат уште од прво одделение, посебно при соработката со родителите која се одвива според Програмата за соработка со родители на нашето училиште. |

| | |
|---|---|
| професионално информирање и ориентирање на учениците<br><br>• Одделенски дневници<br><br>• Анализи и информации од спроведени анкети, индивидуални и групни разговори со учениците<br><br>• Резултати од зададени мерни инструменти<br><br>• Флаери,кокнкурси, писма...<br><br>• Евиденција од советодавна работа на стручнитесоработници<br><br>• Евиденција од остварена соработка со локалната заедница (релевантни институции)<br><br>• Годишна програма за работа на училиштето<br><br>• Годишен извештај на училиштето | Наставниците уште на првите родителски средби ја презентираат програмата и во договор со родителите, организираат предавања и посети на разни стопански и нестопански дејности, со цел непосредно запознавање со различните професии.<br><br>Во текот на целокупното школување учениците се поттикнуваат да ги развиваат што повеќе своите афинитети и да се надоградуваат во областа во која најмногу се пронаоѓаат. Секој наставник ги следи афинитетите на учениците, во текот на целокупното школување и дава мислење за афинитетите на поедини ученици. Меѓутоа акцентот се става на учениците од VIII и IX одделение на кои училиштето им обезбедува јасни, точни и најнови информации за можностите за избор на занимањето и институцијата за понатамошно образование. За таа цел педагогот на училиштето реализираше работилници, на тема „Мојот избор на занимање“ и тема „Професии“. Реализирана е и презентација на учениците од деветто одделение за професионална и кариерна ориентација на тема: „Каде после основно училиште?“ и „Информации за начинот на запишување во јавните средни училишта за учебната 2022/23 година”. Разговарано е за нивните интереси и способности со цел полесно да донесат одлука за идна професија и занимање. Преку ваквите интарактивни работилници, педагогот опфаќа широк спектар на добро структурирани пристапи за избор на понатамаошното образование, вклучувајќи самооценување на вештините и интересите на учениците. Тој, исто така редовно ги информира учениците и родителите за помошта што може да ја добијат во училиштето при избор на занимањето.<br><br>Училиштето им овозможува услови за презентација на профилите, плановите и програмите на средните училишта, исто така, разговарано е за мрежите на средни училишта на град Скопје и дадени им се повеќе информации преку испраќање на промотивен материјал од средните училишта до учениците по електронски пат, како и известување за отворени денови на средните училишта на територија на град Скопје.<br><br>Беа организирани следниве посети, претставувања и презентации од средните училишта:<br><br>• 09.05.2022 – СУГС “Димитар Влахов”<br>• 10.05.2022 – СУГС “Браќа Миладиновци”<br>• 11.05.2022 – СУГС “Марија Кири Склодвска”<br>• 13.05.2022 и 15.05.2023 – “MAARIF INTERNATIONAL SCHOOLS”<br>• 16.05.2022 – СУГС „Здравко Цветкоски”<br>• 27.02.2023- Приватно средно училиште САБА |

| | |
|---|---|
| | • 02.03.2023- Приватно средно училиште АЛГОРИТАМ<br>• 11.04.2023- СУГС „Ѓорѓи Димитров“<br>• 13.04.2023- СУГС АСУЦ „Боро Петрушевски“<br>• 24.04.2023- СУГС „Никола Карев“<br>• 10.05.2023- СУГС „Браќа Миладиновци“<br>• 13.05.2023- СУГС „Лазар Танев“<br>•<br><br>Училиштето соработува и со други институции како што е МОН, ДПИ со што испраќа извештај за запишани ученици во средни училишта.<br><br>Учениците преку наставните содржини од предметот Иновации се оспособуваат за пишување кратка биографија, мотивационо писно, интервју за работа со што се подготвуваат за процесот за избор на соодвтено понатамошно образование. Нашето училиште, преку инклузивниот тим, работи и на професионална ориентација за децата со посебни образовни потреби. Можноста за добивање на уште попрецизни информации за понатамошното образование, би ја прошириле преку посета на повеќе средни училишта или интервју, работилници со ученици кои завршиле во нашето училиште за да го споделат своето искуство.<br><br>**Грижа за учениците со емоционални потешкотии**<br><br>Училиштето преку педагошко-психолошката служба, одделенские раководители и предметните наставници, во кои учениците имаат доверба, ги оценува емоционалните потреби на своите ученици. Најчесто, кога учениците се обраќаат за помош, совет или поддршка за своите проблеми или потреби од било кој карактер, независно од полот на ученикот, сите наставници преку разговор, советување, емпатија, поддршка им помагаат во решавањето на проблемот или задоволувањето на потребата или ги упатуваат до надлежните институции.<br><br>Училиштето има пропишани процедури за навремено откривање и грижа за ученици со емоционални проблеми. Најнапред, според пропишаните процедури, се изготвува прашалник, наменет за наставниците, во кој наставниците ги забележуваат учениците кои манифестираат емоционални потешкотии, потоа се релизираат советодавни разговори со учениците и стручната служба која е обучена да им помогне на учениците и родителите во вакви ситуации или да ги упати до релавантни институции. Како најчести причини во нашето учиилште, се наведуваат семејни проблеми (живот со еден родител, губење на еден родител, загуба на личност во семејството со која биле |

| | |
|---|---|
| | блиски и сл). Училиштето е во постојана соработка со родителите, со кои се водат советодавно консултативни разговари, континуирано се следи успехот и однесувањето на овие ученици со цел да им се олесни учењето, како и емоционално- социјалниот развој. Редовно се соработува со стручни лица од релевантните институции: Завод за ментално здравје, Центарот за социјална работа на град Скопје, Министерство за внатрешни работи. Доказ за тоа се извештаите за работа на стручната служба. |

4.4. **Следење на напредокот**

| | |
|---|---|
| • Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците<br>• Анализа на напредокот на учениците по паралелки | |
| **Извори на податоци** | **Информации кои се собрани** |
| • Педагошка евиденција и документација<br><br>• Евиденција за премин на ученици<br><br>• Е- дневник<br><br>• Годишен и полугодишен извештај на училиштето<br><br>• Записници од состаноците на стручните активи<br><br>• Записници од наставничките и одделенските совети | **Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците**<br><br>Училиштето посветува особено внимание на водењето евиденција за редовноста, индивидуалниот напредокот и поведението на учениците. Постојаната и севкупна евиденција за успехот, поведението и редовноста на учениците, ја вршат одделенските раководители. Сите наставници, во рамки на своите работни обврски ги евидентираат постигнувањата на учениците за секој класификационен период и за секој наставен час. Евидентираните податоци, во континуитет им се соопштуваат на учениците и на родителите, кои пак според потребите и можностите преземаат активности за подобрување на состојбите. Родителите перманентно добиваат известувања за состојбата со постигнувањата и изостанувањата на учениците преку електронскиот систем со кој се поврзани со електронскиот дневник во кој наставниците редовно ги внесуваат овие информации. Секој родител, за секој класификационен период, добива евидентен лист на кој има информации за успехот и редовноста на ученикот. Училиштето подготвува статистички извештаи и анализи на ниво на години и на ниво на целото училиште, врз основа на кои носи заклучоци и предлага мерки за подобрување на состојбата. Овие податоци се детално прикажани во Подрачје 2. Евиденцијата за индивидуалниот напредок на учениците, им е достапна на сите во училиштето и тоа: на секој наставнички совет кога на дневен ред е успехот и поведението на учениците, во секој класификационен период; на педагошко-психолошката служба кога се појавува некој проблем со изостаноците или однесувањето на учениците; одделенскиот раководител редовно ги информира |

| | |
|---|---|
| • Записници од азговори со наставници и стручна служба<br><br>• Чек листи<br><br>• Статистички извештај за успехот на учениците по паралелки<br><br>• Правилник за видовите пофалби, награди и педагошки мерки<br><br>• Годишна програма за работа на Совет на родители<br><br>• Ученички портфолија | учениците на одделенските часови; одделенскиот раководител ги информира родителите за успехот и поведението на учениците како на родителските средби, така и индивидуално, на часовите за прием на родители, како и по електронски пат, преку смс пораки и електронски дневник; директорот на училиштето на средбите на Родителскиот одбор како и на средбите на Советот на родители, ги информира родителите за постигнатите резултати и предлага мерки за подобрување на истите, врз основа на постојните податоци. Педагошката евиденција ја користи и стручната служба за следење на напредокот на учениците, успехот, редовноста и поведението, со цел подобрување на одредени состојби и надминување на недостатоците. На одделенските совети, одделенските раководители ги изложуваат сознанијата за успехот, поведението и редовноста на учениците од својата паралелка. Во случаите кога постои проблем се предлагаат и преземаат соодветни педагошки мерки за надминување на недостатоците. На одделанските совети исто така се пофалуваат и наградуваат учениците кои се истакнуваат со својата работа и поведение или покажале високи резултати во наставата и вонnаставните активности. Родителите на учениците кои имаат намален успех во учењето, нередовно ја посетуваат наствата или несоодветно се однесувааат се поканувааt на советување од страна на одделенските наставници и раководители, а советувањето го спроведува педагогот на училиштето.<br><br>**Анализа на напредокот на учениците по паралелки**<br><br>Анализта на напредокот на учениците по паралелки, редовно се води преку статистиката која се подготвува по секој квартал и се презентира на одделенските и наставничките совети. Стручната служба на училиштето изготвува анализи за постигнатиот успех и поведението на учениците по паралелки на крајот од првото тримесечие, полугодие и третото тримесечие, како и на крајот на учебната година, а на Наставнички совет се утврдува постигнатиот успех и поведението на учениците. Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно- образовниот процес. Успехот на учениците се следи континуирано во текот на целата учебна година, преку формативно и сумативно оценување. Секој наставник има бележници за следење на напредокот на учениците каде што се забележуваат постигањата преку усни одговори, писмени работи, проекти, наставни листови, како и преку многуте електронски алатки кои се користеа за анализа на напредокот на учениците при онлајн наставата. Сите изработки на учениците се чуваат во ученичките портфолија, како и во нивните е- досиеја. Напредокот на учениците се следи преку дневник на паралелката, е- дневник и ученичко портфолио. Учениците кои покажуваат солиден успех и висок пласман на натпревари се наградени од училиштето со пофалници. Во рамките на Годишната програма на училиштето има Програма за работа со надарени ученици. За учениците со потешкотии- пречки во развојот и со посебни образовни потреби кои не можат да го следат |

| | |
|---|---|
| | наставниот план и програма наставниците има изработено Индивидуален образовен план кој е доставен и кај стручната служба. Изработен е Правилник за видовите на пофалби, награди и педагошки мерки што добро функционира и има ефекти. Советот на родители редовно се информира за постигнатиот успех и поведението на учениците во текот на годината, односно по завршувањето на првото тримесечие, третото тримесечие, полугодието и крајот на учебната година. Доколку ученикот преминува во друго училиште се почитува целосно процедурата за испишување ученици од училиштето и запишување новодојдени ученици. При преминувањето на ученик од едно во друго училиште, училиштето на ученикот му издава певедница во која се впишуваат оценките и изостаноците на ученикот. За веродостојноста на податоците потврдуваат одделенскиот раководител и директорот на училиштето. Ученикот запишан во друго училиште, во нашето училиште ја враќа преведницата. Со ова, постапката за премин е завршена. За оние ученици кои се испишуваат од училиштето и школувањето го продолжуваат надвор од државата, информации за нивниот напредок се добиваат по електронски пат, а исто така и нашето училиште постапува во случаи на барања од наши ученици кои заминуваат во странство. Целокупната документација соодветно се архивира во училиштето. |

**Клучни страни:**

- Формите и активностите кои се користат за обезбедување на грижата, благосостојбата и заштитата на сите ученици, вклучувајќи ги и оние со посебни образовни потреби, се ефективни, иако секогаш има простор за напредување во оваа област. За таа цел како клучна страна нашето училиште има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и во училишниот двор и ги реализира според планираното. Училиштето има План за заштита и спасување од елементарни непогоди, природни катастрофи и незгоди со формирани тимови и изведува симулации.
- Училиштето има Програма за обучување на вработените од областа на безбедност и здравје при работа, која е изработена согласно Членовите 17, 31 и 32 од Законот за безбедност и здравје и согласно програмата склучен е договор за вршење на стручни работи поврзани со безбедност и здравје при работа при што обучени се вработените во нашето училиште за безбедно извршување на работата.
- Училиштето располага со прирачна аптека за прва помош –лоцирани на пет места во училиштето.
- Училиштето има обучен и сертифициран кадар за давање прва помош.
- Училиштето има Кодекс на ученици кој е истакнат на видно место и Кодекс на наставници кој е истакнат на видно место.
- Дежурството на катовите на наставниците е истакнато на видно место и спроведувано доследно од страна на наставниците.

• Училиштето има програми и протокол како пишан документ во кој се дефинирани сите облици на насилство. Протоколот е достапен за сите (наставници, ученици и родители). Во училиштето има изготвено Правилник за изрекување педагошки мерки и формиран Тим за поддршка за секој ученик кому е изречена педагошка мерка.
• Во текот на онлајн наставтата нашето училиште водеше многу грижа за сајбер безбедноста кај учениците.
• Во училиштето постои Тим одговорен за превенција од насилство со соодветна програма за работа.
• Училиштето има политика за забрана на пушење, консумирање на алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични супстанци. • Постои добра соработка со институции (Поликлиника Јане Сандански, ЈЗУ Завод за ментално здравје на деца и младинци, МВР и ПС Кисела Вода, ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи на град Скопје, средни училишта, детска амбасада Меѓаши, канцеларија на ЕУ во РМ и др.).
• Се организираат хуманитарни акции за помош на социјално загрозени ученици и ученици на кои им е потребна помош за лекување
• Во однос на учениците кои имаат здравствени проблеми се превземаат мерки во согласност со можностите на училиштето.
• Училиштето има програма за превенција од заразни болести и пропишани процедури за грижа за учениците кои заради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава.
• Училиштето им помага на сите ученици, вклучувајќи ги и учениците со посебо образовни потреби во изборот на нивното понатамошно образование. За таа цел им обезбедува на учениците јасни, точни и најнови информации за можностите за понатамошно образование.
• Училиштето има пропишани процедури за навремено откривање и грижа за ученици со емоционални проблеми.
• Наставниците водат целосна и уредна евиденција за напредокот на учениците, нивната редовност и поведение, како и за нивниот интелектуален, социјален и емоционален развој. Истата е достапна за наставниците, родителите и учениците.
• Училиштето ги информира учениците и родителите за давање поддршка од страна на стручната служба.
Наставниците подготвуваат редовни извештаи и анализи, по квартали, за својата паралелка врз основа на индивидуалните евиденции за учениците. Извештаите се целосно достапни за увид и резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно- образовниот процес.

**Слабости:**

- Поголема соработка со средните училиште и оргагнизирање посета на средни училишта со цел создавање целосна слика кај учениците за избор на понатамошното образование.
- Училиштето нема пропишани процедури за обезбедување материјални средства за учениците што заради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици и кои поради ниската социјална состојба не се во материјална можност да обезбедат доплнителни средства за учество во одредени активности, но води грижа за тие ученици.
- Заради дефицит на технички персонал се појавува проблем со хигиената, што се покажа преку резултатите од анкетата.

**Анализа на резултатите:**

Анкетен прашалник за наставници- го објаснува индикаторот 4.3 „Грижа за учениците со емоционални потешкотии“:

- На прашањето „Постои соработка во идентификување на деца со ПОП, емоционални и други потешкотии“, од вкупно 33 анкетирани наставници, со потполно се согласувам одговориле 15 наставници или 43 %, со воглавно се согласувам одговориле 11 наставници или 33 %, со делумно се согласувам одговориле 4 наставници или 12 %, со не се согласувам одговорил 3 наставници или 9 %.

Анкетен прашалник за наставници- го објаснува индикаторот 4.2 „Хигиена и заштита од болести“:

- На прашањето „Се води грижа за степенот на хигиена во училиштето“, од вкупно 33 анкетирани наставници, со потполно се согласувам одговориле 2 наставници или 6 %, со воглавно се согласувам одговориле 9 наставници или 27 %, со делумно се согласувам одговориле 10 наставници или 30 %, со не се согласувам одговорил 12 наставници или 36 %.

- На прашањето „Во училиштето се преземаат мерки за заштита на здравјето на учениците“, од вкупно 33 анкетирани наставници, со потполно се согласувам одговориле 7 наставници или 21 %, со воглавно се согласувам одговориле 12 наставници или 36 %, со делумно се согласувам одговориле 7 наставници или 21 %, со не се согласувам одговорил 7 наставници или 21 %.

Анкетен прашалник за наставници дел од сите индикатори:

- На прашањето „Постои соработка со јавните установи во области од нивен домен“, од вкупно 33 анкетирани наставници, со потполно се согласувам одговориле 10 наставници или 30 %, со воглавно се согласувам одговориле 12 наставници или 36 %, со делумно се согласувам одговориле 9 наставници или 27 %, со не се согласувам одговорил 2 наставници или 6 %.

Анкетен прашалник за родители- го објаснува индикаторот 4.1 „Севкупна грижа за учениците“:

- На прашањето „Моето дете е безбедно на училиште“, од вкупно 112 анкетирани родители, со потполно се согласувам одговориле 92 родители или 82 %, со воглавно се согласувам одговориле 12 родители или 11 %, со делумно се согласувам одговориле 8 родители или 7 %, со не се согласувам одговориле 0 родители или 0 %.

Анкетен прашалник за СС, директор и администрација- дел од сите индикатори:

- На со прашањето „Постои соработка јавните установи во области од нивен домен“, од вкупно 5 анкетирани стручни соработници, со потполно се согласувам одговориле 5 или 100 %, со воглавно се согласувам одговориле 0 или 0 %, со делумно се согласувам одговориле 0 или 0 %, со не се согласувам одговорил 0 или 0 %.

Анкетен прашалник за ученици:

- На прашањето „Постои можност за помош и поддршка на ученици со ПОП, емоционални, социјални и здравствени потешкотии", од вкупно 135 анкетирани ученици, со потполно се согласувам одговориле 87 ученици или 64 %, со воглавно се согласувам одговориле 28 ученици или 21 %, со делумно се согласувам одговориле 11 ученици или 8 %, со не се согласувам одговориле 9 ученици или 7 %.

- На прашањето „Се преземаат иницијативи за организирање на активности за помош и поддршка на ученици од социјално ранлива категорија и друг вид на проблеми", од вкупно 135 анкетирани ученици, со потполно се согласувам одговориле 88 ученици или 65 %, со воглавно се согласувам одговориле 32 ученици или 24 %, со делумно се согласувам одговориле 10 ученици или 7 %, со не се согласувам одговориле 5 ученици или 4 %.

- На прашањето „Учениците во моето училиште придонесуваат за одржување на хигиената", од вкупно 135 анкетирани ученици, со потполно се согласувам одговориле 47 ученици или 35 %, со воглавно се согласувам одговориле 36 ученици или 27 %, со делумно се согласувам одговориле 25 ученици или 19 %, со не се согласувам одговориле 27 ученици или 20 %.

- На прашањето „Се даваат редовни информации и се спроведуваат активности при професионалната ориентација и одредување на идното занимање", од вкупно 22 анкетирани ученици, со потполно се согласувам одговориле 6 ученици или 27 %, со воглавно се согласувам одговориле 9 ученици или 41 %, со делумно се согласувам одговориле 7 ученици или 32 %, со не се согласувам одговориле 0 ученици или 0 %.

**Идни активности**

- Барање за нови вработувања во технички персонал.
- Санација на санитарните чворови.
- Работилници за подобрување на хигиената на зедничките простории.
- Изработка на документ во кој се дефинирани пропишани процедури за обезбедување материјални средства за учениците што заради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици и кои поради ниската социјална состојба не се во материјална можност да обезбедат доплнителни средства за учество во одредени активности.
- Соработка со повеќе средни училишта со цел спроведување повеќе практични активности, проследени со посета, нагледности, анализи на работата на средните училишта за поттикнување на правилни заклучоци при професионалната ориентација и одредување на идното занимање на учениците.

| ПОДРАЧЈЕ 5 | Училишна клима |
|---|---|
| Членови на работната група: | **Илинка Димовска,** Марија Саздева- заменик, Снежена Цоневска, Павлинка Мијалова, Ирена Стефанова, Маја Арсовска, Христина Т. Бујуковска, Марко Јачев, Ирена Наумовска, Сашо Јованоски |

| Бр. | Оддели во рамките на подрачјето | Теми: |
|---|---|---|
| **5.1** | **Училишна клима и односи во училиштето** | • Углед/ имиџ на училиштето<br>• Кодекс на однесување<br>• Училишна клима<br>• Поведение и дисциплина во училиштето<br>• Учество на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки |
| **5.2** | **Промовирање на постигањата** | • Промовирање на личните постигања на учениците<br>• Промовирања на постигањата во име на училиштето |
| **5.3** | **Еднаквост и правичност** | • Познавање на правата на децата<br>• Еднаков и правичен третман на сите ученици<br>• Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот |
| **5.4** | **Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната средина** | • Соработка на училиштето со родителите<br>• Соработка со локалната заедница<br>• Соработка со деловната заедница и со невладиниот сектор |

5.1. **Училишна клима и односи во училиштето**

<table>
<tr><td colspan="2">

- Углед/ имиџ на училиштето
- Кодекс на однесување
- Училишна клима
- Поведение и дисциплина во училиштето
- Учество на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки

</td></tr>
<tr><td>

**Извори на податоци**

- Анкети/ интервјуа со наставниците, родителите и со учениците
- Кодекс на однесување
- Педагошка евиденција за изречени педагошки мерки
- Статут на училиштето
- Куќен ред на училиштето
- Извештајод реализирани еколошки проекти и акции од воспоставенит е еколошки

</td><td>

**Информации кои се собрани**

**Углед/имиџ на училиштето**

Училиштето е препознатливо според високиот квалитет на настава од страна на наставниците и постигањата на учениците во различни области. Наставничкиот кадар ужива респект кај родителите. Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него. Угледот го развиваме со помош на нашата мисија: Нудиме стручен и квалитетен кадар, примерни ученици, работна средина со грижа и поддршка каде секој може да ја развие и зајакне својата индивидуалност, креативност, одговорност и задоволство од работата, без разлика на етничката припадност.

**Кодекс на однесување**

Училиштето има кодекс на однесување во кој се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето (раководниот кадар, наставниците, стручната служба, техничкиот персонал, учениците и родителите). Во нивната изработка учествуваа претставници од сите структури. Училиштето има пишани процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, пропишани со кодексите и таквите процедури ги спроведува во практика.

**Училишна клима**

Училиштето води политика на взаемно почитување и вклученост на сите етнички заедници што учествуваат во училишниот живот. Раководниот и наставничкиот кадар играат клучна улога во одржувањето на постојано поттикнувачка атмосфера во училиштето, што се гледа од нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и посетителите на училиштето. Во нашето училиште постои добра комуникација помеѓу директорот и вработените. Тие редовно се информираат за преземените активности од страна на директорот и учествуваат во процесот на донесување одлуки.Во нашето училиште постои одлична соработка меѓу наставниците и учениците преку која може да се согледа состојбата, условите и климата за работа, резултатите, успесите и предизвиците со кои се соочува секое училиште. Наставниците имаат воспоставено добра комуникација со учениците, еднаков приод, взаемна почит и поддршка. Постои можност за помош и поддршка на учениците со ПОП, емоционални, социјални и здравствени потешкотии.

</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
6.2. **Наставни средства и материјали**

| |
|---|
| • Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала<br>• Училишна библиотека<br>• Потрошен материјал |

| **Извори на податоци** | **Информации кои се собрани** |
|---|---|
| • Попис 2020 г.<br>• Анкетен прашалник<br>• Непосреден увид во документацијата на училиштето за набавување на стручна литература и наставни средства, материјали и помагала.<br>• Увид во библиотечната евиденција.<br>• Разговор со директор, стручни соработници, наставници, ученици и технички персонал.<br>• Самоевалуација и план и развој на училиштето.<br>• Годишна програма: полугодишен и годишен извештај на училиштето.<br>• Увид во документацијата за планирани, набавен и потрошен материјал.<br>• Непосреден увид во документацијата на училиштето и интерните акти.<br>• Развоен план на | **Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала**<br>Училиштето располага со разновидна стручна литература, наставни средства и помагала согласно нормативите по сите наставни предмети. Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагал, вклучувајќи книги, материјали за практична работа, аудиовизуелна и ИКТ опрема, континуирано ги обновув за да соодветдтвуваат на современите наставни текови. Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и ефективно и ефикасно ги користат во наставата и во учењето. Учењето и наставата се збогатени преку планирано користење на ИКТ. Наставниците и учениците имаат пристап до интернет.<br><br>**Училишна библиотека**<br>Училишната библиотека располага со повеќе од девет книги по ученик (9130 наслови на 987 ученици, во просек 9,31 наслови по ученик), вклучувајќи ги учебниците, лектирните изданија, стручна литература за наставници и стручни соработници, белетристика, сериски публикации. Библиотеката е одлично уредена, располага со компјутери и пристап до интернет и електронски се води библиотечната евиденција. Таа е отворена за користење од страна на учениците и наставниците во текот на целиот училишен ден. Библиотекта располага и со литература на јазиците што се изучуваат во училоштето, вклучувајќи и литература за мултикултура и екологија.<br><br>**Потрошен материјал**<br>Училиштето планира и навреме обезбедува потрошен материјал во потребно количество за реализација на наставните и воннаставните активности, согласно планот на училиштето. Утврдувањето на потребите за наставни средства и материјали во нашето училиште се прави пред почетокот на учебната година. Сите активи поднесуваат барање за потребниот потрошен материјал и наставни средства до раководната служба на училиштето. |

| | |
|---|---|
| училиштето. | |

## 6.3. **Обезбедување на потребниот наставен кадар**

- Број на вработени и соодветност на наставниот кадар
- Ефективност и распоредување на кадарот
- Стручна служба како поддршка на наставниот кадар

- Извори на податоци
- Досиеја на вработените;
- Акт за организација и систематизација на работни места;
- Записник од разговор содиректор и со наставници;
- Годишна програма за работа на училиштето;
- Програма за работа на стручната служба;
- Интерни акти;
- Разговор со стручната служба, наставниците и директорот;
- Програма за професионален развој на наставниот кадар;
- Програма за работа на менторот и нововработениот во текот на учебната година;
- Анкети на училиштето за

**Информации кои се собрани**

**Број на вработени и соодветност на наставниот кадар**

Училиштето има обезбедено доволен број наставници за реализирање на воспитно – образовниот процес, вклучувајки и кадар обучен за работа до деца со посебни образовни потреби. Наставниот кадар е во согласност со нормативите, квалификуван и способен да ги превземе одговорностите во наставата согласно потребите на учениците и училиштето во целина. Наставниците континуирано се надградуваат, активно вклучувајќи се во обуки, семинари, вебинари и десеминации и ги следат тековните трендови, промени и иновации во образованието со цел реализацијата на наставата да се изведува по најсовремени методи и техники. Исто така преку семинари и обуки се обучуваат за работа со деца со посебни образовни потреби. Работата на наставниот кадар е соодветно надополнета и олеснета од страна на административно – техничкиот персонал.

| | **Етничка и полова структура на вработените** | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Кадар** | вкупно | м | ж | Македонци |
| **Број на вработени** | 77 | 10 | 67 | 77 |
| **Број на наставен кадар** | 64 | 6 | 57 **+ 1 наставник - ментор** | 64 |
| **Број на воспитувачи** | / | / | / | / |
| **Број на стручни соработници** | 4 | / | 4 | 4 |
| **Административни** | 2 | 1 | 1 | 2 |

| | |
|---|---|
| професионален развој на кадарот;<br>• Листи со спроведени интерни обуки;<br>• Развоен план на училиштето. | (see below) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **работници** | | | | |
| **Помошно – технички кадар** | 6 | 2 | 4 | 6 |
| **Директор** | 1 | 1 | / | 1 |
| **Помошник директор** | / | / | / | / |
| **Образовни медитијатори** | / | / | / | / |

**Стручни активи**

| | |
|---|---|
| Број на стручни активи | 3 |
| Одговорни наставници на активи:<br>Одделенска настава – Маја Арсовска<br>Општествено јазична група на предмети – Марина Николовска Ристова<br>Природно математичка група на предмети – Ирена Рикалоска | |

**Ефективност и распоредување на кадарот**

Добрата организираност во училиштето доаѓа до израз преку тимската работа на наставниците (стручни активи и активи на одделенија), соработката со административно-техничкиот персонал и стручните служби, кои пак со своите програми за работа допринесуваат за издигнување на наставниот процес на високо ниво. Во процесот на инклузија на децата со ПОП стручните служби и дефектологот со тимска работа овозможуваат вклучување на децата во редовната настава. При ангажирање на наставниот кадар се земаат предвид соодветната квалификација согласно нормативот, искуството и професионалниор развој на наставникот. Во случаи на пократко или подолго отсуство на наставничкиот кадар, училиштето има механизми за брза и соодветна замена.

Наставниот кадар, во согласност со нормативите од БРО и МОН ги исполнува условите за стручна квалификација и соодветност и според тоа е распределен на соодветни работни места. Со своето знаење и стручност, која постојано ја надоградуваат со следење на семинари и обуки придонесуваат за перманентно зголемување на ефикасноста во реализирањето на целите во воспитно-образовната дејност. Во училиштето нема родова, етничка или друга дискриминација при изборот на наставниот кадар.

Поради стремежот за одржување на висок степен на здравствено –хигиенски услови, училиштето во соработка со основачот, прави големи напори за зголемување на бројот на техничкиот персонал заради исполнување на критериумите за хигиенско-технички услови.

**Наставен кадар според степенот на стручна подготовка**

| **Обрзаование** | **број на вработени** |
|---|---|
| Последипломски студии- втор циклус | 10 |
| Високо образование | 59 |
| Виша стручна спрема | 1 |
| Средно образование | 1 |
| КВ | 1 |
| Основно образование | 5 |

**Стручна служба како подршка на наставниот кадар**

Училиштето има стручна служба која им помага на наставниците во организацијата на наставата, следење на напредокот на учениците, врши советодавна дејност со наставниците приправници, справување со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање соодветна помош на учениците. Стручната служба во својата програма за работа планира и спроведува рзновидни активности за работа со учениците и наставниците и е секогаш отвотена за соработка. Стучната служба за наставниот кадар, уредно води портфолија за професионален развој, односно професионални досиеја

| | |
|---|---|
| | во кои се евидентираат сите признанија, сертификати, дипломи. Овие професионални досиеја континуирано се ажурираат.<br><br>**Стручни соработници во училиштето**<br><br>Работно место / Број на стручни соработници:<br>Педагог – 1<br>Психолог – 1<br>Социолог – 0<br>Дефектолог – 1<br>Библиотекар – 1<br><br>Во однос на професионалниот развој на наставниците има соодветна програма и стратегија за стручно усовршување, програми за менторство на наставниците-приправници. Наставниците редовно учествуваат на обуки, семинари и професионални надградби во земјава и странство, а потоа го информираат. Наставничкиот колегиум и Стручните активи за стекнатите нови сознанија и насоки во работењето.Знаењата и искуствата стекнати на ваквите обуки, секогаш се пренесуваат и на останатиот наставен кадар преку интерни обуки и семинари. |

| Работно место | Број на стручни соработници |
|---|---|
| Педагог | 1 |
| Психолог | 1 |
| Социолог | 0 |
| Дефектолог | 1 |
| Библиотекар | 1 |

6.4. **Следење на развојните потреби на наставниот кадар**

| • Професионален развој на наставниците | |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Информации кои се собрани** |
| • Увид во досиејата на вработените;<br>• Извештај од самоевалуација;<br>• Интерни акти;<br>• Програма за | **Професионален развој на наставниците**<br><br>Следејќи го новите тренови и потреби во образовноит процес на глобално ниво, како и промените во развојот на учениците, модернизацијата и напредокот во технологијата, нашето училиште прави постојани напори за професионален развој на наставниот и стручниот кадар. Со таквата професионална надоградба кадарот може да одговори на сите нови предизвици и новини во образовниот и воспитниот процес. Училштето ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој, има програма и стратегии за обезбедување на професионалниот развој |

| | |
|---|---|
| професионален развој на наставничкиот кадар;<br>• Увид во правилникот за систематизација;<br>• Разговор со директорот и со наставниците;<br>• Годишна програма за работа на училиштето;<br>• Програм за работа на стручната служба.<br>• Програма за менторство.<br>• Развоен план на училиштето. | (вклучувајќи и менторство ) и обезбедува финансиска поддршка согласно идентификуваните потреби. Училиштето има стратегија за десеминирање на знаењето на кадарот. Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален развој на кадарот, а има и внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот што внесува ефективни иновации во работата. Наставниот кадар има ажурирани портфолија за професионален развој. Училиштето на наставниците-приправници им определува ментор. Менторот на приправникот му подготвува програма и друга подготовка потребна за оспособување на наставникот за полагање испит. Менторот изработува извештај за работата на наставникот.Наставниците-приправници се следат преку посета на час од страна на менторот, директорот, психологот, педагог и им се укажува на начинот на водење на педагошката евиденција и документација, се консултираат со останатите колеги и им се помага во работата и при полагањето на приправничкиот испит.<br>Вреднувањето на работата на наставниците и идентификувањето на нивните потреби се врши преку посета на часови од страна на стручната служба и директорот во текот на годината.<br>Наставниците учествуваа на семинари и обуки од Еразмус програмата и реализираат проектни активности од истиот проект. Потребите на наставниците за професионалниот развој се следат и преку планирањата и активностите на стручните активи.<br>Училиштето ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој преку анкетен прашалник а во соработка со БРО и МОН.<br>**Прилог**: Распоред и преглед на обуки, семинари, десеминации, стручни предавања во годишниот извештај на училиштето и стручните активи, документи и копии од документи. Извештај за извршен увид во досиејата на наставниците, стручна служба и директорот на училиштето |

6.5. **Финансиско работење во училиштето**

| | |
|---|---|
| • Постапки со кои се обезбедува законската регулатива за финансиско работење<br>• Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет | |
| Извори на податоци<br><br>• Увид во финансов план, развоен план и годишна програма за работа на училиштето<br>• Разговор со: наставници, директор и УО | Информации кои се собрани<br><br>**Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење**<br>Буџетот во најголем дел во училиштето се користи за подобрување на квалитетот на наставата и учењето и развојот на училиштето во целина. Училиштето има донесено финансиски план, усвоен извештај на пописните комисии, усвоена завршна сметка и План за јавни набавки (УО-програма и план). Комисијата за јавни набавки се формира според законски норми.<br>Финансиското работење и завршните сметки се контролираат од Училишниот одбор, тој е запознаен со финансиските активности на училиштето. Делот за материјални трошоци, комунални услуги и |

| | |
|---|---|
| • Записници и одлуки на УО<br>• Записници од разговори со Советот на родители и ученичката заедница<br>• Записници од разговори на екоодборот<br>• Склучени договори, тендери за јавни набавки, понуди, зписници од ревизија и УЈП;<br>• Записници од ревизија<br>• Финансов извештај | други финансирања го врши локалната власт. Училиштето се финансира и преку сметка за самофинансирање од издаден простор под закуп.<br>Постапките за финансиско работење што ги спроведува училиштето се во согласност со законските акти и норми.<br>Одговорните лица редовно дискутираат за информациите поврзани со ресурсите и преку одлуките што ги носат обезбедуваат економичност, ефикасност и правичност во распределувањето на финансиските средства.<br>Раководниот кадар го следи наменското трошење на буџетот со цел да добие соодветен квалитет за потрошените финансиски средства, успешно и продуктивно остварува партнерства со локалната заедница како и други институции кои се поврзани со делокругот на работа на училиштето.<br><br>**Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет**<br>Буџетот е распределен и се користи наменски за креативни и развојни цели кои се фокусирани за подобрување на квалитетот на наставата, учењето и училиштето во целина.<br>За финансискиот буџет училиштето ги информира сите вработени во училиштето преку известување во писмена форма за завршната пресметка во училиштето.<br>Информациите за училишниот буџет им се достапни на родителите и Локалната заедница преку нивните претставници во Училишниот одбор каде што се разгледува Предлог финансиски план за работа на училиштето и завршната сметка.<br>За буџетот на училиштето и за трошоците информации има директорот.<br><br>Записниците од ревизија, склучени договори, тендер за јавни набавки и понуди се уредни (увид кај секретарот на училиштето) |

**Клучни страни**

- Максимална искористеност на просторните капацитети за реализација на наставни и воннаставни активности.
- Училиштето располага со разновидна литература (повеќе од 9 наслови по ученик) по сите предмети застапени во наставниот процес.
- Училиштето е збогатено со Интерактивни табли (Смарт), Smart TV и повеќе проектори што претставува најмодерно наставно средство со неограничени извори на знаења и можности, а истите се користат во секојдневната настава за учениците од прво до деветто одделение.
- Наставниците имаат можност преку разни видови на обуки и дисеминации на истите да го прошируваат своето професионално знаење и да ги развиваат своите компетенции.
- Соработка и поддршка помеѓу наставниците и размена на искуства и идеи на ниво на стручен/ стручни активи.
- Редовна примена на иновации во наставниот процес како резултат на посетени обуки и семинари.
- Редовно одржување на инфраструктурата.

**Слабости**

- Континуирано обновување на потребните наставни средства и помагала за функционално реализирање на воспитно образовниот процес.
- Училиштето нема пропишана процедура за реализација на приправничкиот стаж.
- Комплетно електронско уредување на библиотеката (медијатека).
- Континуирано одржување/сервисирање на ИКТ опремата (или доколку овозможуваат финансиските средства набавка на нова ИКТ опрема).

**Анализа на резултатите од прашањата разработени во овој дел**

**Се врши континуирано одржување/сервисирање на ИКТ опремата и наставните средства и помагала.**

* Според **анкетниот прашалник** од вкупно 33 анкетирани наставници на прашањето: „Се врши континуирано одржување/сервисирање на ИКТ опремата и наставните средства и помагала", потполно се согласувам одговориле 4 или 12%, воглавно се согласувам одговориле 10 или 30%, делумно се согласувам одговориле 4 или 12 % и не се согласувам 15 или 45% од наставниците.

**Се даваат предлози за поголема примена на ИКТ во наставата.**

- * Според **анкетниот прашалник** од вкупно 33 анкетирани наставници на прашањето: „Се даваат предлози за поголема примена на ИКТ во наставата" потполно се согласувам одговориле 6 или 18%, воглавно се согласувам одговориле 13 или 39%, делумно се согласувам одговориле 10 или 30 % и не се согласувам 4 или 12% од наставниците.

- **Училишната библиотека располага со доволен број лектирни изданија и друга литература што ми е потребна.**
- * Според **анкетниот прашалник** од вкупно 135 анкетиран ученик на прашањето: „Училишната библиотека располага со доволен број лектирни изданија и друга литература што ми е потребна" потполно се согласувам одговориле 58 или 43%, воглавно се согласувам одговориле 39 или 29%, делумно се согласувам одговориле 12 или 9% и не се согласувам одговориле 26 или 19% од учениците.

- **Стручниот соработник дава целосна поддршка на наставниот кадар при изработка на годишно, тематско-процесно планирање и оперативен план за час.**
- *Според **анкетниот прашалник** од вкупно 33 анкетирани наставници, во врска со стручната служба како поддршка на наставниот кадар, на прашањето: „Стручниот соработник дава целосна поддршка на наставниот кадар при изработка на годишно, тематско-процесно планирање и оперативен план за час" потполно се согласувам одговориле 15 наставници или 45%, воглавно се согласувам одговориле 10 наставници или 30%, делумно се согласувам одговориле 4 наставници или 12%, не се согласувам одговориле 4 наставници или 12%.

**Секој наставник добива подршка при реализација на редовната, дополнителна и додатна настава, отворени часови и воннаставни активности.**

* Според **анкетниот прашалник** од вкупно 33 анкетирани наставници на прашањето: „Секој наставник добива подршка при реализација на редовната, дополнителна и додатна настава, отворени часови и воннаставни активности" потполно се согласувам одговориле 17 или 52%, воглавно се согласувам одговориле 11 или 33%, делумно се согласувам одговориле 3 или 9%.
и не се согласувам одговориле 2 или 6% од наставниците.

**Постои достапност до сите информации за непречен реализирање на работните обврски на сите вработени.**

* Според **анкетниот прашалник** од вкупно 33 анкетирани наставници на прашањето: „Постои достапност до сите информации за непречен реализирање на работните обврски на сите вработени“, потполно се согласувам одговориле 17 наставници или 52%, воглавно се согласувам одговориле 8 наставници или 24%, делумно се согласувам одговориле 6 наставници или 18% и не се согласувам одговориле 2 наставника или 6%.

**Транспарентно се врши избор на наставници за посета на семинари и други стручни**

**Според **анкетниот прашалник** од вкупно 33 анкетирани наставници на прашањето: „Транспарентно се врши избор на наставници за посета на семинари и други стручни усовршувања“ потполно се согласувам одговориле10 наставници или 30%, воглавно се согласувам одговориле 12 наставници или 36 %, делумно се согласувам одговориле 5 наставници или 15% и не се согласувам одговориле 6 наставници или 18%.

**Се врши редовна дисеминација на обуки за сите воведени новини и измени во воспитно – образовниот процес (наставни форми, методи и техники на учење).**

**Според **анкетниот прашалник** од вкупно 33 анкетирани наставници на прашањето: „Се врши редовна дисеминација на обуки за сите воведени новини и измени во воспитно – образовниот процес (наставни форми, методи и техники на учење)**“** потполно се согласувам одговориле 11 наставници или 33%, воглавно се согласувам одговориле 12 наставници или 36 %, делумно се согласувам одговориле 8 наставници или 24% и не се согласувам одговориле 2 наставници или 6%.

**Постои соработка помеѓу наставниците од иста или различна група на предмети.**

**Според **анкетниот прашалник** од вкупно 33 анкетирани наставници на прашањето: „Постои соработка помеѓу наставниците од иста или различна група на предмети**“** потполно се согласувам одговориле 13 наставници или 39%, воглавно се согласувам одговориле 16 наставници или 44 %, делумно се согласувам одговориле 3 наставници или 9% и не се согласувам одговориле1 наставници или 3%.

**Наставниците разменуваат искуства и идеи на ниво на стручен/ стручни активи**

**Според **анкетниот прашалник** од вкупно 33 анкетирани наставници на прашањето: “Наставниците разменуваат искуства и идеи на ниво на стручен/ стручни активи**“** потполно се согласувам одговориле 13 наставници или 39%, воглавно се согласувам одговориле 12 наставници или 36 %, делумно се согласувам одговориле 7 наставници или 21% и не се согласувам одговориле 1 наставник или 3%.

**Постои соработка при реализација на отворени часови**

**Според **анкетниот прашалник** од вкупно 33 анкетирани наставници на прашањето: “Постои соработка при реализација на отворени часови**“** потполно се согласувам одговориле 12 наставници или 36%, воглавно се согласувам одговориле 11 наставници или 33%, делумно се согласувам одговориле 6 наставници или 18% и не се согласувам одговориле 4 наставници или 12%.

**Се остварува соработка со наставници од други училишта од општини/други општини во РСМ или други училишта од други држави.**

**Според **анкетниот прашалник** од вкупно 33 анкетирани наставници на прашањето: "Се остварува соработка со наставници од други училишта од општини/други општини во РСМ или други училишта од други држави**"** потполно се согласувам одговориле 9 наставници или 27%, воглавно се согласувам одговориле 15 наставници или 45%, делумно се согласувам одговориле 6 наставници или 18% и не се согласувам одговориле 3 наставници или 9%.

**Се обезбедуваат навремени информации за сите законски измени кои се од интерес на вработените.**

**Според **анкетниот прашалник** од вкупно 33 анкетирани наставници на прашањето: "Се обезбедуваат навремени информации за сите законски измени кои се од интерес на вработените**"** потполно се согласувам одговориле 11 наставници или 33%, воглавно се согласувам одговориле 11 наставници или 33%, делумно се согласувам одговориле 5 наставници или 15% и не се согласувам одговориле 6 наставници или 18%.

**Вработените редовно се информираат за преземените активности од страна на директорот.**

**Според **анкетниот прашалник** на прашањето: ,,Вработените редовно се информираат за преземените активности од страна на директорот" од анкетирани 33 наставниците одговориле дека потполно се согласуваат 8 или 24%, воглавно се согласуваат 8 или 24%, делумно 12 или 36 % и не се согласуваат 5 или 15 % од наставниците.

**Идни активности**

- Пронаоѓање на модул, решение за сервисирање или трајна замена на дотрајаната ИКТ технолгија кое е проблем на ниво на целата држава, поради непостоење резервни делови, дотрајаност и проблем со електричната инсталација за пордшка на истата.
- Континуирано одржување на училишната зграда и нејзината инфраструктура
- Нагледни средства - набавка на нови современи нагледни средства неопходни за осовременување на наставата и наставниот процес
- Професионален развој - понатамошно и континуирано усовршување на вработениот наставен и стручен кадар
- Материјално-технички средства - редовна и навремена набавка на потрошен материјал за непречено одвивање на наставата и наставниот процес (тонери, хартија, креди во боја, нагледни средства и помагала, дидактички материјали, .....)

| | |
|---|---|
| **ПОДРАЧЈЕ 7** | **Управување, раководење и креирање политика** |
| **Членови на работната група:** | **Јасмина Радулова,** Наташа Лосковска- заменик**,** Васа Трајчевска**,** Викторија Несторовска Катерина Кузмановска, Емилија Стефановска, Тоде Здравков, Тончек Рожман, Лидија Илијовска, Николче Зиков, Елена Трајковска, Ирена Рикалоска |

| **Бр.** | **Оддели во рамките на подрачјето** | **Теми:** |
|---|---|---|
| **7.1** | **Управување и раководење со училиштето** | • Управување со училиштето<br>• Раководење со училиштето |
| **7.2** | **Цели и креирање на училишна политика** | • Јасност и соодветност на целите<br>• Процедура за креирање на училишна политика |
| **7.3** | **Развојно планирање** | • Цели на развојното планирање<br>• Професионален развој/ стручно усовршување на кадарот<br>• Материјално- технички средства<br>• Инфраструктура |

| 7.1.**Управување и раководење со училиштето**<br><br>Надлежностите за управување и раководење со училиштето се јасно и прецизно дефинирани во одредбите од Законот за основно образование и Статутот и Деловник за работа на УО кои се почитуваат и извршуваат.(докази кај претседателот на УО).<br><br>• Управување со училиштето<br>• Раководење со училиштето | |
|---|---|
| **Извори на податоци**<br><br>• Закон за основно образование;<br>• Статут на училиштето;<br>• Деловник за работа на Училишниот одбор;<br>• Записници, одлуки и извештаи од работата на Училишниот одбор; | **Информации кои се собрани**<br><br>**Управување со училиштето**<br><br>Орган на управување на основното училиште е училишниот одбор со кој раководи. Поради законските измени кои стапија на сила 2019 година УО кој тогаш броеше 9 члена сега е составен од седум члена и тоа:<br><br>• 3 претставници од Наставничкиот совет<br>• 3 претставници од Совет на родители<br>• 1 претставник од Локалната самоуправа.<br><br>Училишниот Одбор редовно одржува состаноци. Состаноците се свикуваат со доставување лични покани, предлог дневен ред и останати материјали кои се предмет на разгледување. Седниците се одржуваат и полноправно се одлучува доколку е обезбеден законски утврдениот кворум за работа. Училишниот одбор води записник за својата работа и во него се внесуваат сите важни елементи од седницата како и донесените одлуки и заклучоци. Записниците се усвојуваат на следната седница.<br><br>Состаноците на Училишниот одбор се одржуваат со мнозинство од членовите,во спротивно се презакажуваат. УО активно соработува со Општинскиот и Републички просветен инспекторат, Комисијата за образование при Советот на општината и Бирото за развој на образованието. на Членовите на УО како дел од органот на управување, во континуитет се упатуваат на обуки за нивно поуспешно вклучување во работата на училиштето. Преку Наставничките совети сите наставници се информирани за одлуките на УО кои се однесуваат на воспитно-образовниот |

| | |
|---|---|
| • Годишна програма за работа на училиштето;<br>• Самоевалуација и План за развој на училиштето;<br><br>• Програма за работа на директорот и стручните служби;<br><br>Записничка книга од наставнички совет | процес, а останатите преку информациите кои се наоѓаат на огласната табла во училиштето.<br><br>Годишната програма на училиштето во прилог ја има педагошката служба на училиштето. Целите што се истакнати за училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика, исто така и последната спроведена самоевалуација.<br>Во План за развој на училиштето се истакнати подрачјата на приоритети и промени планирани за тековниот период (увид кај педагогот).<br>Програма за работа на директорот и стручните служби во годишната програма на училиштето.<br><br>**Раководење со училиштето**<br>Орган на раководење во основното училиште е директорот кој работи според програмата за работа на Директор.<br>Директорот има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата, кој се заснова на знаења и вештини, вклучувајќи и способност за ефективно делегирање, комуницира и раководи со вработените и се грижи за нивно перманентно стручно усовршување. Во центарот на своето работење ги става постигнувањата на учениците, осовременување на наставната технологија, создавање креативна средина за настава и учење, следење на развојниот план, вклучување на наставниците и стручните соработници во развојните политики и промовирање добри училишни практики. Воспоставува продуктивни партнерства во непосредната и пошироката заедница.<br>Начинот на соработка и размена на идеи се одвива по пат на заеднички состаноци:<br>• Состаноци на стручни активи во одделенска и предметна настава<br>• Одделенски совети;<br>• Наставнички совети;<br>• Совет на родители;<br>• Училишен одбор<br>Состаноците на раководството се одржуваат според тековните потреби на училиштето согласно со Годишната програма, но по потреба се одржуваат и повеќе пати. Што се однесува до состаноците на Училишниот одбор има редовно присуство и потребен кворум за работа.<br>Состаноците се одвиваат со однапред подготвен дневен ред.<br>За организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште од родителите на учениците се формира Совет на родители на училиштето.<br>Состаноците се одржуваат според тековните потреби, со претходно доставена покана и дневен |

| | |
|---|---|
| | ред до членовите.<br>Родителите за донесените одлуки во училиштето се информираат преку заклучоците од состаноците на Советот на родители, преку одделенските раководители на родителските состаноци, за донесените одлуки во училиштето учениците се известуваат преку класните раководители. |

7.2. **Цели и креирање на училишна политика**

| | |
|---|---|
| • Јасност и соодветност на целите<br>• Процедура за креирање на училишна политика | |
| **Извори на податоци** | **Информации кои се собрани** |
| • Годишна програма за работа на училиштето;<br>• Развоен план на училиштето;<br>• Самоевалуација;<br><br>• Интервјуа / анкети со директор, стручна служба, наставници, ученици, родители;<br><br>• Записници, од работата на Училишниот одбор, | **Јасност и соодвтност на целите**<br><br>Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Тие пред се, се јасни и фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и максимизирање на постигањата на сите ученици.<br>Вработените, родителите и учениците учествуваат во креирањето на целите, начелата и вредностите на училиштето и се запознаени со начинот на нивно остварување и подобрување. Родителите се информирани и вклучени во Годишното планирање и креирањето на политиката на училиштето при определување на изборни предмети, донесување одлуки за исхрана на учениците, организирање посети, екскурзии и слично. Зголемување на ефикасноста и ефективноста на целокупната наставна практика е цел кон која се фокусираат сите активни субјекти кои учествуваат во креирањето на училишната политика. Директорот за училишната политика ги информира наставниците, родителите и учениците, преку различни форми во зависност од потребите (Наставнички совет, родителски средби, соопштенија, огласи на огласна табла и преку индивидуални средби и разговори).<br><br>Учениците преку низа активности, а пред се со подобрување на успехот и редовноста активно учествуваат во реализирањето на целите и успешноста на училиштето. Соработката со учениците се базира на основната потреба ученикот да се третира како личност, да се почитува неговото мислење и да му се даде можност да ги искажува своите воспитно - образовни потреби. |

| | |
|---|---|
| Совет на родители, Наставнички совет, дневници за работа<br><br>• Акциони планови;<br><br>• Интерни акти; | **Процедура за креирање на училишна политика**<br><br>Креирањето на политика за спроведување на понатамошните стратегии за планираните активности училиштето ги добива од непосредните контакти со вработените, родителите и учениците, од секојдневното следење на достигнувањата во сите области со цел доследно имплементирање на целокупната наставна практика. Годишното планирање го организира и реализира стручен тим составен од директорот и стручни соработници. На крајот од учебната година се врши евалуација на реализираната Годишна програма на училиштето, се изработува извештај за работата на училиштето.<br>Во училиштето се води политика на взаемна толеранција, поврзана со поведението и дисциплината, сузбивање на насилничкото однесување на учениците и дискриминација од секаков вид. Училиштето има Кодекс на однесување и Куќен ред на кој треба да се придржуваат сите ученици во воспитно-образовниот процес во училиштето. Во креирањето на политиката на училиштето голема улога имаат и состаноците на Училишниот одбор, Советот на родители и Наставничкиот совет кои редовно се одржуваат со однапред предложен и утврден дневен ред. Советот на родители редовно одржува состаноци, работи според деловник и годишен план за работа.(прилог во годишна програма на училиштето/увид кај педагогот).<br>За учебната 2021/22 ,2022/23 година во прилог има годишен извештај за работата на Советот на родители. Се евидентираат записници од неговата работа, со уредно водење на записници од одржаните состаноци. Во дневниците за работа наставниците внесуваат записници од одржани родителски средби, одделенски совети, реализирани индивидуални средби со родители. (доказ кај педагогот –извештаи на секое тримесечие од проверка на дневници од страна на комисија)<br>Преку Акционите планови се планираат и постигнуваат цели кои имаат позитивно влијание на работата на училиштето.(прилог-во годишната програма на училиштето).<br>Тоа може да се потврди од прашањата во анкетниот прашалник за наставници каде прашањата за Состаноците за Стручни активи се позитивно одговорени.(како дел од Акционите планови се и плановите за работа на стручните активи во училиштето,увид кај претседателите на стручните активи), како и прашањата за состанокот на советот на паралелката (одделенски совети).<br>Интерните акти се во согласност на целите на училиштето и според пропишаните законски регулативи.(увид кај педагог) |

7.3. **Развојно планирање**

<table>
<tr><td colspan="2">

- Цели на развојното планирање
- Професионален развој/ стручно усовршување на кадарот
- Материјално- технички средства
- Инфраструктура

</td></tr>
<tr><td>Извори на податоци<br><br>• Годишна програма за работа на училиштето;<br>• Самоевалуација и развоен план на училиштето;<br>• Акциски планови за постигање на поставени цели;<br>• План за следење и евалуација на реализација на Акциски планови;<br>• Записници од органи и тела;<br><br>• Интервјуа / анкети со директор, стручна служба, наставници, ученици, родители;</td><td>Информации кои се собрани<br>Цели и развојно планирање<br>Во утврдувањето на целите активно се вклучени наставниците, учениците, родителите и претставници од локалната заедници и тие јасно и прецизно ја отсликуваат мисијата и визијата на училиштето. Со помош на Акциските планови се реализираат поставените цели, а истовремено се следи нивното доследно спроведување преку планот за следење и евалуација на нивна реализација.<br>Во планот за евалуација се определени критериумите, инструментите, динамиката и носителите на активности со кои ќе се следи успешноста на реализирање на поставените цели.<br>Во целите од Развоен план на училиштето постои план за подобрување и осовремување на инфраструктурата на училиштето. Планот се ревидира согласно потребите, како и според обезбедените сопствени средства, соработката со локална самоуправа и заедница во однос на подобрување на инфраструктурата.<br>Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за поставените цели, планот за нивна реализација и за резултатите и ефектите од нивната реализација преку редовно одржување на состаноци со совети на наставници и родители, родителски средби, известувања и соопштенија. Директорот во својот план за работа како една од стратешките цели го има издвоено продлабочувањето на соработката со родителите (вклучување во тековните активности во училиштето...), со локалната заедница и надворешните институции преку утврдување на можни подрачја за заедничка соработка од взаемен интерес како и соработка со други училишта и нивните ученици. Училиштето постојано ги следи, поддржува и реализира потребите за стручно усовршување на вработените и истите се реализираат во согласност со обезбедените финансиски средства. Тековно се реализира и перманентна едукација во организација на УСАИД, БРО и МОН..<br>Од интервјуто со директорот може да се почувствува позитивната клима ,според директорот тимската работа која постои во училиштето е предуслов за поуспешна</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| • План за професионален развој;<br><br>• Извештаи од интерна евалуација;<br><br>• Пописни листи;<br><br>• Финансиски план на училиштето;<br><br>• Апликации за обезбедување средства од локална самоуправа, заедница, донатори и сл.;<br>• Годишен план за јавни набавки;<br><br>• Летописна книга со запишани посетени обуки и семинари; | реализација на планираните активности.Постои поддршка од негова страна за посета на семинари, со цел за подобра обученост на наставниот кадар,а со тоа и унапредување на нивниот професионален развој.<br>.<br>**Професионален развој /стручно усоршување на кадарот**<br>Училиштето има изготвено План за развој на училиштето со јасно дефинирани приоритети произлезени од извршените самоевалуации и истите се реализираат според предвидената динамика. Училиштето ги идентификува потребите за стручно усовршување на кадарот. Согласно донесена одлука, на сите наставници кои земаат учество на конференции со свои трудови, училиштето по доставено барање, им овозможува учество на истите. Професионалниот развој на наставниот кадар се реализира во согласност со изработениот акционен план за професионален развој на наставниците.<br><br>**Материјално –технички средства**<br>При извршениот увид за инфраструктура е констатирано дека училиштето континуирано го ревидира планот за подобрување и осовремување на инфраструктурата и обезбедува средства (сопствени, донации) за инвестирање во истата. Навреме се детектираат, идентификуваат и реализираат потребите од материјално-технички средства. Постојните нагледни средства и опрема се користат, старите компјутери не се заменети со нови , потребно е нивно редовно сервисирање. Училиштето редовно ја одржува или ја заменува инфраструктурата со помош на донации.<br>Редовно се врши техничко чистење на училниците, спортската сала и ходниците, како и дезинфекција, дезинсекција, дератизација.<br><br>Во учебната 2020/21 година обезбедени се 2 печатачи,15 smart телевизори, нагледни средства по предметите физика, хемија, биологија, историски и географски карти. Од родител се донирани 6 компјутери.<br>Во учебната 2022/23 во соработка со наставниците по ФЗО и Федерација на Училишен Спорт, училиштето доби спортска опрема односно спортски реквизити исклучиво наменети за учениците од одделенска настава ( 5 топки, 1 фудбал, јажиња за скокање13, мрежа за топки 1, свирчиња 4, маркер скала 1. Пвц маркери 30, конусни маркери 20, конфекциски маркери 10) |

| | |
|---|---|
| • Увид во опрема и инфраструктура;<br><br>• План за работа на Директор | **Инфраструктура**<br>Според планот за работа на Директорот , планирана е и тековно се работи на подобрување на електричната инсталација во училиштето; тоалетите во училиштето, средување на училишната ограда и голем акцент се става на хортикултурно уредување на дворот.<br>Раководниот орган редовно ги следи законските измени и дополнувања од областа на образованието и ги уважува и спроведува сите укажувања од Просветниот инспекторат од БРО, Државниот просветен инспектор и укажувањата и напатствијата од секторот за основно образование при МОН.На крајот на секоја учебна година се прави анализа на постигањата на учениците која понатаму се користи за изготвување приоритети за воспитно-образовната програма на училиштето. |

**Клучни страни**

- Ефикасно и ефективно работење на Органот на управување и Раководниот орган;
- Директорот има јасна визија за развојот и напредокот на училиштето;
- Постигањата на учениците и промовирањето на училиштето се приоритет;
- Учениците можат слободно да го искажат своето мислење;
- Училиштето претставува безбедна и сигурна средина во која сите просторни ресурси умешно се користат за потребите на наставата;
- Стручното усовршување на наставниците овозможува примена на нови форми и методи во наставата и објективност во оценувањето;
- Континуирано се подобрува инфраструктурата на училиштето

**Слабости**

- Континуирано одржување/сервисирање на ИКТ опремата (или доколку овозможуваат финансиските средства набавка на нова ИКТ опрема)
- Санација на одреден број на тоалети

**Анализа на резултатите од прашањата разработени во овој дел:**

- ,,**Состаноците на Училишниот одбор се одржуваат според предвидената динамика во Годишната програма на Училишниот одбор,,** од 33 испитаници одговориле со ,,потполно 18-55%, ,,воглавно,,11- 33,%, ,,делумно,3-,9% , ,,не се согласувам-1-3%
- **„Постои добра комуникација помеѓу директорот и вработените“** од 33 испитаници со „потполно“ одговориле 9-27% ,со воглавно-13-39% ,„делумно“9 -27%,не се согласувам-2-6%.
- **,,Вработените редовно се информираат за преземените активности од страна на директорот,,** од 33 испитаници одговориле со ,,потполно 8-24%,, ,воглавно-8-24%, ,,делумно,,-12-36%, ,,не се согласувам,5-15%.
- **„Транспарентно се врши избор на наставници за посета на семинари и други стручни усовршувања.„** од 33 испитаници одговориле со ,,потполно,, одговориле10-30%, „воглавно“ одговориле 12-36% а со „делумно“5- 15%,со ,,не се согласувам,, 6-18%.
- **,,Редовна дисеминација на обуки за сите воведени новини и измени во воспитно-образовниот процес,,од** 33 испитаници наставниците во ,,потполност,, одговориле11-33%, ,,воглавно,12,- 36%, ,,делумно,,8-24%,со ,,не,, одговориле2-6%,
- **,,Вработените имаат можност за вклучување во активностите за одредување и реализација на училишните приоритети,,** 33 испитаници со ,,потполно,,одговориле 7-21%, воглавно-,11-33%, ,,делумно,12- 36%, со ,,не,, одговориле 3-9%.)
- **,,Задоволен/а сум од управувањето и раководењето на училиштето,,** од вкупно 112 испитаници одговориле, потполно се согласувам 52-46%, воглавно 29-26%, делумно31-28%, не се согласувам 0-0%.
- Од анкетниот прашалник за наставници на прашањето ,
- ,**Редовно се одржуваат планираните состаноци на НС,,** -од 33 испитаници потполно одоговориле 26 -79%, 5-0%-воглавно,1-,3%,не се согласуваат-1-3%.
- **,,Се даваат конструктивни предлози за подобрување на севкупното работење на училиштето**,,од 33 испитаници потполно одговориле 9- 27% , воглавно 13- 39%, делумно4-12%, не се согласувам 7-21%.
- **родителите се изјасниле дека се потполно информирани за активностите во училиштето** од 112 испитаници одговориле со потполно 62-55% воглавно се согласувам ,31-28% делумно се согласувам, 12-11% не се согласувам 7-6%
- **,,Наставниците имаат воспоставено добра комуникација со учениците, еднаков приод, взаемна почит и поддршка,,** од 135 испитаници одговориле -потполно се согласувам 81-60%, Воглавно се согласувам 28-21%, делумно 17-13% не се согласувам 9-7%
- **,,Доволно сме информирани за активностите во училиштето,,** од 112 испитаници одговориле со потполно се согласувам**.** 62-55% воглавном се согласувам 31-28%,делумно се согласувам 12-11%,не се согласувам 7-6%
- „**Задоволен сум од условите за работа на училиштето**, од 111 испитаници одговориле потполно се согласувам 48-43%, воглавно-40-36%,делумно 19-17%, не се согласувам 4-4%.
- На прашањето**,**
- ,**Се врши континуирано одржување/сервисирање на ИКТ опремата и наставните средства и помагала,,** од 33

испитаници одговориле со потполно 4-12%-воглавно, 10-30%-делумно, 4-12%-не се согласувам 12-36%

од 33 испитаници одговориле од 33 испитаници одговориле

**Идни активности**

- Реновирање на останатите руинирани подови во училиштето,....
- Континуирано одржување на училишната зграда и нејзината  инфраструктура
- Набавка на нови современи нагледни сретства неопходни за осовременување на наставата и наставниот процес
- Понатамошно  и континуирано усовршување на вработениот наставен и стручен кадар
- Во континуитет изработување на интерни акти и одлуки
- Редовна и навремена набавка на потрошен материјал за непречено одвивање на наставата и наставниотпроцес (тонери, хартија,креди во боја.....)

**Резиме од извршена самоевалуација во ООУ,,Кирил Пејчиновиќ“- Кисела Вода,Скопје**

Во периодот од 2021 до 2023 година, се изврши Самоевалуација на работата во ООУ,,Кирил Пејчиновиќ “- Кисела Вода, Скопје.

За изготвување на Самоевалуацијата беа користени насоки од законот за основно образование, од Интегралната евалуација на училиштето и Индикаторите за квалитетот на работа на училиштето изготвени од МОН и ДПИ.

Во текот на работата тимот имаше средби и разговори со одговорните од тимовите за секое поединечно подрачије за самоевауација,како и со сите вработени во училиштето. Изврши проверка на потребната документација и од неа користеше повеќе податоци.Спроведе електронска анкета за учениците,за наставниците,за родителите, за директорот, за стручните соработници и администрација. Сите добиени подтоци беа анализирани.

Целта на самоевалуацијата е со конкретни анализи и осврти на сите области на работење на училиштето да се добие слика за квалитетот во работењето,напредокот и постигањата на училиштето,јаките и слабите страни за кои ќе се следат предлог мерки за нивно надминување.Секако дека воочените слабости ќе ги мотивираат сите учесници во наставниот процес(дирекни или индирекни)да ги вложат сопствените капацитети и искористат постојните ресурси за подобрување на усовите и стандардите во училиштето.На тој начин ќе се придонесе за целосно и квалитетно реализирање на воспитно – образовниот процес.

Во саамоевалуацијата се издвоени приоритетните области на делување за унапредување и осовременување на наставните и воннаставните активности.Заеднички цел на сите субјекти во училиштето се слабите страни да се надминат,а јаките да се одржуваат континуирано.

**2021- 2023 година**

Претседател на Училишен одбор :

____________________

Ѓорѓи Топузовски

Директор :

--------------------------------

м-р Борче Миревски